Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 279, 1 јули 2021 година

јули 2021 година
Штип

## СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ........ 3

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ........ 26

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 33

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ И МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 44

РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ПАРАМЕТРИТЕ НА РАПАВОСТ ПРИ ОБРАБОТКА СО СТРУЖЕЊЕ НА МЕТАЛИ СО ЗГОЛЕМЕНА ТВРДИНА“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МЕВЛУДИН ШАБАНИ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 49

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ СОВЕТИ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУСИ ........ 54

ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА ........ 56

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-182/6 донесена на 259. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 2.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област детска стоматологија (30402) и превентивна стоматологија (30401) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во состав:

– **проф. д-р Снежана Иљовска,** редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, специјалист по детска и превентивна стоматологија, претседател;
– **проф. д-р Мира Јанкуловска,** редовен професор, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, специјалист по детска и превентивна стоматологија, член;
– **проф. д-р Цена Димова,** редовен професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, специјалист по орална хирургија, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 15.5.2021 година и во предвидениот рок се пријави **доц. д-р Сања Нашкова.**

Кандидатката доц. д-р Сања Нашкова, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет заедно со пријавата ги има доставено следниве документи: 1) пријава; 2) диплома за завршен Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - еден примерок оригинал и три копии заверени на нотар; 3) диплома за одбранет магистерски труд на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар; 4) диплома за одбранет докторски труд на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар; 5) уверение за положени испити на прв циклус на студии (среден успех 8.00); 6) уверение за положени испити на втор циклус на студии (среден успех 10.00); 7) уверение за положени испити на трет циклус на студии (среден успех 10.00); 8) уверение за положен специјалистички испит од областа на детска и превентивна стоматологија; 9) кратка биографија во 4 примероци; 10) список на објавени научни и стручни трудови; 11) по еден примерок од трудовите; 12) потврда дека се служи со еден странски јазик (еден примерок оригинал и една копија заверена на нотар; 13) еден примерок од магистерски труд; 14) еден примерок од докторски труд; 15) уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Сања Нашкова е родена во 1982 година во Штип. Основно и средно училиште завршила во Штип. Дипломирала на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2009 година, со просек на студирање 8.00 и се здобива со диплома доктор на стоматологија. По полагање на стручниот испит на 3.11.2009 година се стекнува со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија.

Се вработила во декември 2011 година на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги завршила во предвидениот временски период, со просечна оценка 10, а магистерски труд под наслов „Кариес ризик фактори и состојба на оралното

и дентално здравје во Штип и околината" го одбранила на 26.12.2011 година со што се стекнала со академскиот степен магистер на стоматолошки науки, од областа на детска и превентивна стоматологија.

Од 2012 година ги започнала докторските студии (трет циклус на студии) на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", од областа на детска и превентивна стоматологија под менторство на проф. д-р Снежана Иљовска и ги завршува со просечна оценка 10.

Докторската дисертација на тема „*Компаративна анализа на социо-економски, клинички и саливарни биохемиски и микробиолошки маркери и нивниот дијагностички потенцијал кај кариес резистентни и кариес активни училишни деца*" јавно ја одбранила на 13.7.2016 година, со што се стекнала со академскиот степен доктор на стоматолошки науки, од областа на детска и превентивна стоматологија.

Во 2014 година започнува специјализација по детска и превентивна стоматологија во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во 2017 година ја завршила специјализацијата по детска и превентивна стоматологија, при што со полагањето на специјалистичкиот испит се здобила со звањето специјалист по детска и превентивна стоматологија.

Активно се служи со англиски јазик (Cambridge Cerficate of Preliminary English - B1).

**Кандидатката доц. д-р Сања Нашкова ги исполнува законските услови за избор во звањето вонреден професор:**

**Општи услови:**

1. Остварен просечен успех од 8,00 на студиите од прв циклус на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и остварен просечен успех од 10,00 на студиите од втор циклус – магистер на стоматолошки науки на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
2. Доктор на стоматолошки науки од областа на детска и превентивна стоматологија - докторска дисертација на тема „Компаративна анализа на социо-економски, клинички и саливарни биохемиски и микробиолошки маркери и нивниот дијагностички потенцијал кај кариес резистентни и кариес активни училишни деца" одбранета на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје на 13.7.2016 година;
3. Со Одлука бр. 2002-224/7 на 171. седница одржана на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, одржана на 17.11.2016 година, е избрана за наставник во звање доцент за наставно-научната област детска и превентивна стоматологија на Факултетот за медицински науки за период од 17.11.2016 година до 17.11.2021 година. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр. 178 од 1.11.2016 година;
4. Објавени 14 (четиринаесет) научноистражувачки трудови од соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години;
5. Познавање на странски јазици – англиски јазик;
6. Демонстрира способност за изведување високообразовна дејност; во изминатиот период беше вклучена како наставник – доцент во наставата по предметите Детска стоматологија 1, Детска стоматологија 2, Превентивна стоматологија, Дентална трауматологија (Дентална медицина), Орално здравје и Орална хигиена (Дентална медицина и Забен техничар – протетичар) и Детска стоматологија (Забен техничар - протетичар). Дополнително е вклучена во наставата на Универзитетскиот изборен предмет Орално здравје и хигиена. Доцент д-р Сања Нашкова е ментор на повеќе од 17 дипломски трудови, член на повеќе од 90 комисии за одбрана на дипломски трудови и завршни испити и била ментор на 4 студентски теми.

**Посебни услови:**

1. Има учество во научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати и тоа во националните проекти: 1. Подобро орално здравје за повеќе весели насмевки (2017); 2.Значење на соодветна орална хигиена за состојбата на оралното здравје кај студенти на медицинските науки (2018); 3.Современи аспекти на дезинфекција и стерилизација на инструменти и апарати во дентална медицина (2020).
2. Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници по предметите Детска стоматологија 1, Детска стоматологија 2, Превентивна стоматологија, Орално здравје и Орална хигиена.
3. Автор е на рецензирана скрипта и практикум објавени на е-библиотека на УГД:

– **Превентивна стоматологија** – скрипта од Сања Нашкова (ISBN 978-608-244-333-1; број на страници: 108, издадена: 2020; јазик: македонски. http://e-lib.ugd.edu.mk/929
– **Превентивна стоматологија** – практикум од Сања Нашкова ( ISBN 978-608-244-334-8; број на страници: 70; издаден: 2020; јазик: македонски. http://e-lib.ugd.edu.mk/930

**Листа на научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Naskova Sanja** Iljovska Snezana Dimova Cena Zlatanovska Katerina Zarkova-Atanasova Julija | *The correlation between dental caries and socio-economic status in children from 4 - 6 years* | Journal of Hygienic Engineering and Design, (2017) 21. ISSN 1857- 8489 **(indexed-индексиран)** | 2012 |
| 2 | Kocovski Darko Toneva Verica Dimova Cena ZlatanovskaKaterina **Naskova Sanja** | *Oral hygiene level maintenance of dental medicine students* | Journal of Hygienic Engineering and Design, (2017) 20. (3). pp. 75-81. ISSN 1857-8489 **(indexed-индексиран)** | 2012 |
| 3 | **Naskova Sanja** Atanasova Sandra Toneva Verica | *Prevention and dental treatment of patients with epilepsy* | International Journal Knowledge. (2017) ISSN 2545-4439 **(indexed-индексиран)** | 2009 |
| 4 | **Naskova Sanja** Iljovska Snezana Iljovska Marina Zlatanovska Katerina Longurova Natasa | *Correlative Values of Body Weight (Body Mass Index) And Dental Caries In Examinees With Primary Dentition* | IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) (2017) 16 (12). ISSN 2279 – 0853 **(Indexed – индексиран)** | 2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5** | Atanasova Sandra **Naskova Sanja** Toneva Verica Zlatanovska Katerina | *Oral health changes during pregnancy* | Knowledge – International Journal (2018) 22 (5). ISSN 1857-923X, 2545-4439<br><br>**(Indexed – индексиран)** | 2009 |
| **6** | Toneva Verica **Naskova Sanja** Atanasova Sandra Toneva Aleksandra | *Oral health benefits of vitamin C* | Knowledge – International Journal (2018) 22. ISSN 1857-923X, 2545-4439<br><br>**(Indexed – индексиран)** | 2009 |
| **7** | Atanasova Sandra Kovacevska Ivona **Naskova Sanja** Toneva Verica Zlatanovska Katerina Longurova Natasa | *Oral higiene during orthodontic tretment* | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. (2018) ISSN 1857-92 **(Indexed – индексиран)** | 2009 |
| **8** | Atanasova Sandra Carceva Salja Sofija **Naskova Sanja** Zarkova-Atanasova Julija Proseva Ljubica | *Oral hygiene behavior during treatment with fixed orthodontic appliances* | IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), (2018) 17 (11). ISSN 2279-0853<br><br>**(Indexed – индексиран)** | 2012 |
| **9** | **Naskova Sanja** Atanasova Sandra Toneva Verica Zlatanovska Katerina<br><br>Lazarova Ljupka | *Dental care for children with autism* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. (2018) ISSN 2545-4439<br><br>**(Indexed – индексиран)** | 2009 |
| **10** | **Naskova Sanja** Dimova Cena Zlatanovska Katerina | **Поврзаност помеѓу присуство на lactobacillus во плунка и дентален кариес кај деца со трајна дентиција** | Knowledge – International Journal. (2019) ISSN 2545 – 4439. **(Indexed –** индексиран) | 2009 |
| **11** | **Naskova Sanja** | **Проток на стимулирана плунка и пуферски капацитет кај деца со млечна дентиција** | Knowledge - International Journal Scientific Papers. (2020) 43.4. ISSN 1857-923X<br><br>**(Indexed –** индексиран) | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | **Naskova Sanja** Longurova Natasa | **Влијание на социо-економски услови во појавата на дентален кариес кај деца со трајна дентиција** | Knowledge, International Journal Scientific Papers, (2021) 44.2. ISSN 1857-923X<br><br>**(Indexed –** индексиран) | 2009 |
| 13 | **Naskova Sanja** | **Корелација помеѓу дентален кариес и индекс на телесна маса кај деца со млечна дентиција** | Knowledge International Journal Scientific Papers, (2021) 45.4. ISSN 1857-923X<br><br>**(Indexed –** индексиран) | 2009 |
| 14 | Longurova Natasa Kovacevska Ivona **Naskova Sanja** | **Клинички каректеристики и тераписки аспект на дентална флуороза** | Knowledge - International Journal Scientific Papers, 45.4. ISSN 2545-4439 1857-923X<br><br>**(Indexed – индексиран)** | 2009 |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Сања Нашкова во 2012 година е избрана за помлад асистент за научната област превентивна стоматологија, Универзитетски билтен бр. 91 од 1.11.2011 година на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Од учебната 2012/2013 година д-р Сања Нашкова активно е вклучена во практичната настава на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (студиска програма за дентална медицина, забен техничар - протетичар) како помлад асистент по предметите: Детска стоматологија 1, Детска стоматологија 2 и Превентивна стоматологија. Во 2015 година е избрана во соработничко звање – асистент докторанд.

Со Одлука бр. 2002-224/7 од 17.11.2016 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на 171. седница одржана на 17.11.2016 година е избрана за наставник во звање доцент за наставно-научната област детска и превентивна стоматологија за период од 17.11.2016 година до 17.11.2021 година. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен бр. 178 од 1.11.2016 година.

За потребите на наставата по предметите Орално здравје и Превентивна стоматологија, доц. д-р Сања Нашкова учествува како коавтор во изработка на текстот на две учебни помагала, скрипта и практикум.

Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка на задачи или практикум - во земјава (избор во звање доцент 1-2):

1. Димова Цена, Нашкова Сања (2016) Орално здравје и превентива на орални заболувања - скрипта. ISBN 978-608-244-333-1 1. http://e-lib.ugd.edu.mk/569
2. Димова Цена, Нашкова Сања (2016) Орално здравје и превентива на орални заболувања - практикум. ISBN 978-608-244-334-8. http://e-lib.ugd.edu.mk/560

**Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка на задачи или практикум - во земјава:**

1. Нашкова Сања (2020) Превентивна стоматологија - скрипта. ISBN 978-608-244-333-1. http://e-lib.ugd.edu.mk/929
2. Нашкова Сања (2020) Превентивна стоматологија - практикум. ISBN 978-608-244-334-8. http://e-lib.ugd.edu.mk/930
3. Папакоча Киро, Нашкова Сања, Митевски Кирил, Апостолоски Павле, Петровски Михајло (2017) Анатомија на вилици и дентална морфологија – практикум. ISBN 620 978-608-244-407-9. http://e-lib.ugd.edu.mk/620

**Член на комисија за одбрана на дипломска работа**

Доц. д-р Сања Нашкова била член на комисија на повеќе од 90 кандидати, студенти на студиските програми Стоматологија, Дентална медицина и Забни техничари-протетичари.

**Ментор на дипломска работа на студенти**

Во периодот од 2016 до 2021 година до сега доц. д-р Сања Нашкова била ментор на повеќе од 17 дипломски работи на студенти по стоматологија, дентална медицина и забен техничар-протетичар, ментор на 4 студентски теми.

**Предавања** (неделен просечен фонд на часови во двата семестри во изборниот период на прв циклус студии) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на студиски програми за Стоматологија и Дентална медицина во периодот од 2016 до 2021 година ја изведува теоретската настава по предметите:

- Детска стоматологија 1 (2+2+1)
- Детска стоматологија 2 (2+2+1)
- Дентална трауматологија (2+1+1)
- Превентивна стоматологија (2+1+1)
- Орално здравје (1+1+1)
- Орална хигиена (1+1+1)
- Орално здравје и хигиена (2+0+0).

**Предавања** (неделен просечен фонд на часови во двата семестри во изборниот период на прв циклус студии) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на студиски програми за стручен забен техничар-протетичар во периодот од 2016 до 2021 ја изведува теоретската настава по предметите:

- Детска стоматологија (2+0+1)
- Орално здравје (2+1+1)
- Орална хигиена (1+1+1).

**Научноистражувачка дејност**

1. Список на досега рецензирани трудови

Трудовите до реден број 5 се рецензирани во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, бр. 91 од 1.11.2012 година (6-8 стр.), при изборот на д-р Сања Нашкова за помлад асистент.

2. Списокот на објавени трудови и активности од НИ и САОР на кандидатката асистент д-р Сања Нашкова при изборот во асистент-докторанд се евалуирани и бодирани од бр. 6 до 16 во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев” бр. 153 од 1.9.2015 година (24-31 стр.) и вкупно поени 40. https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/1115/2015/153/pdf/153-2.pdf
3. Списокот на објавени трудови од број 17 до број 40 се приложени и вреднувани при изборот во доцент во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев” бр. 178 од 1.11. 2016 година (17-26 стр.) и вкупно 110,5 поени.

https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/1620/2016/178/pdf/178-3.pdf

**Листа на трудови и активности од остварената научноистражувачка дејност на доцент д-р Сања Нашкова, кои ги доставува за избор во вонреден професор и се однесуваат на последните пет години:**

**Учебници и учебни помагала**

1. **Нашкова Сања** (2020) Превентивна стоматологија - скрипта. ISBN 978-608-244-333-1.
   Учебното помагало е рецензирано во „Универзитетски билтен" на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 256 од 15 јуни 2020 година: 3-5.
   http://e-lib.ugd.edu.mk/929
2. **Нашкова Сања** (2020) Превентивна стоматологија - практикум. ISBN 978-608-244-334-8.
   Учебното помагало е рецензирано во „Универзитетски билтен" на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 256 од 15 јуни 2020 година: 6-7.
   http://e-lib.ugd.edu.mk/930
3. Папакоча Киро, **Нашкова Сања,** Митевски Кирил, Апостолоски Павле, Петровски Михајло (2017) Анатомија на вилици и дентална морфологија - практикум. ISBN 620 978-608-244-407-9.
   Учебното помагало е рецензирано во „Универзитетски билтен" на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 185 од март 2017 година: 16-18.
   http://e-lib.ugd.edu.mk/620

4. **Објавени трудови во целост – in extenso / full text - од реден број 41 до 56.** Трудови кои се однесуваат на областа

41. **Naskova Sanja,** Iljovska Snezana, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina, Zarkova-Atanasova Julija (2017) *The correlation between dental caries and socio-economic status in children from 4 - 6 years.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 21. ISSN 1857- 8489.

Евалуација на трудот: Авторите поттикнати од многу епидемиолошки студии за врската помеѓу социо-економските услови и оралното здравје, направиле испитување за поврзаноста помеѓу денталниот кариес и социо-економските услови кај деца со млечна дентиција на возраст од 4-6 години. Целта на овој труд е фокусирана на детерминирање на нивниот социо-економски статус и неговата асоцијација со денталниот кариес и неговиот интензитет. Истражувањето е спроведено на 74 испитаници преку структуриран прашалник кој содржи прашања за месечните примања на семејствата, според кои е определен социо-економскиот статус на испитаниците. Според добиените резултати, авторите заклучиле дека нема статистички значајна разлика помеѓу интензитетот на денталниот кариес и социо-економските услови кај децата на возраст од 4-6 години со млечна дентиција.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18893

42. Kocovski Darko, Toneva Verica, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina, **Naskova Sanja** (2017) *Oral hygiene level maintenance of dental medicine students.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 20 (3). pp. 75-81. ISSN 1857- 8489.

Евалуација на трудот: Целта на оваа студија била да се утврди одржувањето на оралната хигиена кај студенти на дентална медицина на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во студијата биле вклучени 40 студенти, при што испитувањата биле правени два пати, во трета и во петта година. Резултатите покажале дека слушањето на предметот Орално здравје има големо влијание во промена и подобрување на навиките во одржувањето на оралната хигиена кај студентите на дентална медицина. Студентите од петта година имале помали нивоа на дентален плак, помал број на заби со кариес, помал број на екстрахирани заби и поголем број на пломбирани заби во однос на студентите од трета година.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18601

43. **Naskova Sanja**, Iljovska Snezana, Iljovska Marina, Zlatanovska Katerina, Longurova Natasa (2017) *Correlative Values of Body Weight (Body Mass Index) And Dental Caries In Examinees With Primary Dentition*. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 16 (12). ISSN 2279 – 0853.

Евалуација на трудот: Целта на авторите во ова испитување била да се одредат ефектите на БМИ врз појавата на денталниот кариес кај деца со млечна дентиција и нивната меѓузависна корелација со интензитетот на денталниот кариес. Резултатите од студијата покажале дека помеѓу телесната тежина на децата и присуството на забен кариес за нема значителна корелација. Авторите сугерираат на децениски истражувања фокусирани на идентификација на деца со висок ризик за развој на забен кариес со докази дека БМИ е еден од најсериозните фактори.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18894

44. **Naskova Sanja**, Atanasova Sandra, Toneva Verica (2017) *Prevention and dental treatment of patients with epilepsy.* International Journal Knowledge. ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Во овој труд авторите ги посочуваат превентивните мерки при стоматолошки третман на пациенти со епилепсија. Авторите посочуваат дека стоматолозите треба добро да го познаваат овој тип на невролошко нарушување, нападите и лековите кои се користат за негово лекување за да можат да обезбедат соодветна стоматолошка и орална здравствена грижа за овие пациенти.

Трудот има стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19362

45. Atanasova Sandra, **Naskova Sanja**, Toneva Verica, Zlatanovska Katerina (2018) *Oral health changes during pregnancy*. Knowledge – International Journal, 22 (5). ISSN 1857-923X, 2545-4439

Евалуација на трудот: *Во овој труд се опишани промените во оралната празнина кои настануваат во периодот на бременоста. Авторите укажуваат на најчестите орални промени како гингивитис, периодонтитис, ерозии на забите, мобилноста на забите, ксеростомија и дентален кариес. Авторите укажуваат на соодветна едукација на бремените жени за одржувањето на орална хигиена, можните промени во оралната празнина и важноста од редовни стоматолошки посети. Укажуваат на важноста на стоматолошките прегледи пред и за време на бременоста за да може стоматологот да ги пронајде и да ги лекува промените во оралната празнина.*

Трудот има стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19974

46. Toneva Verica, **Naskova Sanja**, Atanasova Sandra, Toneva Aleksandra (2018) *Oral health benefits of vitamin C*. Knowledge – International Journal, 22. ISSN 1857-923X, 2545-4439

Евалуација на трудот: Во овој труд е објаснето значењето на аскорбинската киселина, односно витамин Ц и неговата потреба за многу функции во човечкото тело, мултипната улога во одржувањето на хомеостазата на организмот. Предностите на витамин Ц во оралната празнина како што се одржувањето на здрави заби, коски, периодонтални ткива и намалување на ризикот од премалигни лезии.

Трудот има стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20488

47. **Naskova Sanja**, Atanasova Sandra, Toneva Verica, Zlatanovska Katerina, Lazarova Ljupka (2018) *Dental care for children with autism*. Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: Авторите укажуваат за децата со аутизам, потребата од поголема стоматолошка грижа поради тешкотиите во одржувањето на оралната хигиена и изведувањето на стоматолошките интервенции. Се смета дека на оралниот статус на децата со аутизам негативно влијаат многу фактори. Затоа, родителите, воспитувачите и стоматолозите треба да бидат свесни за овој факт и да бидат насочени кон подобрување на оралната хигиена на овие деца и да обезбедат стоматолошка грижа која им е потребна.

Трудот има стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21116

48. Алимани - Јакупи Јетмире, Иљовска Марина, Нашкова Сања (2018) Процена на ризични фактори за кариес со користење на вкупен и редуциран Cariogram кај училишни деца на возраст од 10-12 години. Vox Dentarii Информатор на стоматолошката комора на Македонија. ISSN 1857-7814

Евалуација на трудот: Со овој труд може да се констатира дека се правени многу модели за да може да се предвидат факторите одговорни за појавата на кариесот, но ниту еден од нив не дал доволно ефикасни и конкретни резултати. Поради тој факт авторите го реализираат овој труд се одлучиле за имплементација на шкотската верзија на кариограм Hansel Peterson која во моментот и во наши услови е најприкладна и најизводлива. Цел на трудот да се направи проценка на кариес ризик-фактори и прираст на кариес во временскиот период од 2 години кај испитаници со трајни заби со користење на редуцираниот кариограм. Авторите заклучиле дека со кариограм моделот може успешно да се утврдат кариес профилите на ризик кај 12-годишните деца со различен социо-економски статус, кои притоа можат да се користат во развојот на превентивни стратегии за намалување на кариес ризикот кај децата.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20839

49. Atanasova Sandra, Kovacevska Ivona, **Naskova Sanja**, Toneva Verica, Zlatanovska Katerina, Longurova Natasa (2018) *Oral higiene during orthodontic tretment.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-92

Евалуација на трудот: Во овој труд авторите го посочуваат ортодонтскиот третман и неговата значајна улога во подобрување на лицевата естетика, денталната хармонија и самопочитта кај пациентите. Авторите укажуваат на важноста од одржување на орална хигиена за време на ортодонтскиот третман, бидејќи секој неуспех во одржувањето на оралната хигиена ќе резултира со акумулација на дентален плак преку фиксните протези и други ортодонтски апарати, што ќе доведе до несакани ефекти и влошување на оралното здравје.

Трудот има научна *и* апликативна важност.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20627

50. Atanasova Sandra, Carceva Salja Sofija, **Naskova Sanja**, Zarkova-Atanasova, Julija, Proseva Ljubica (2018) *Oral hygiene behavior during treatment with fixed orthodontic appliances.* IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 17 (11). ISSN 2279-0853

Евалуација на трудот: Целта на оваа студија е проценка на одржувањето на оралната хигиена за време на третман со фиксни ортодонтски надоместоци. Во студијата се вклучени 102 пациенти со фиксни надоместоци кај кои со помош на структуриран прашалник се земени податоци за нивното орално хигиенско однесување по поставувањето на фиксни ортодонтски надоместоци. Според добиените резултати од истражувањето авторите заклучиле дека пациентите кај кои е започнат фиксен ортодонтски третман треба да бидат доволно едуцирани и мотивирани за да ја одржуваат својата орална хигиена на високо ниво.

Трудот има научна *и* апликативна важност.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20838

51. Нашкова Сања, Димова Цена, Златановска Катерина (2019) Поврзаност помеѓу присуство на lactobacillus во плунка и дентален кариес кај деца со трајна дентиција. Knowledge – International Journal. ISSN 2545 – 4439.

Евалуација на трудот: И покрај напредокот во науката и техниката сепак денталниот кариес се уште останува постојан и голем здравствен проблем низ целиот свет и ги опфаќа сите популациони групи и возрасти, а особено децата кај кои се јавува се почесто. Како етиолошките фактори за неговата појава се многубројни повеќе од нив потврдени, но сепак голем број до крај се уште остануваат предмет на истражувања. Авторите си поставиле за цел да испитаат дали постои значајна инверзна врска помеѓу интензитетот на денталниот кариес и бактериските соеви на Lactobacillus. Лактобацилите биле првите микроорганизми

кои биле поврзани и споменати како причинители за дентален кариес. За реализација на поставените цел се опсервирани деца по случаен избор од основните училишта во градот Штип. Во истражувањето се вклучени 71 дете (26 од женски и 45 од машки пол) на возраст од 12 години. Испитаниците беа поделени во две групи: контролна група-31 испитаник без кариес, пломби и екстракции (КЕП=0) и експериментална група-40 испитаници со кариес, пломби и екстракции на забите. Во истражувањето го користевме општоприфатениот индекс на присуство или отсуство на кариозен процес Klein – Palmer индекс, кој се означува како DMFT. Според добиените податоци од клиничкиот преглед е одреден интензитетот (присуството/отсуството) на денталниот кариес (WHO, Geneve, 1997). Лактобацилите во плунката се одредени со дијагностички тест CRT-bacteria (Vivadent, Schaan, Lihtenstein). Авторите заклучиле дека помеѓу присуството на Lactobacillus во плунката и присуството на денталниот кариес постои значајна поврзаност ($p<0,01$).

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22865

52. Zlatanovska, Katerina, Dimova Cena, Longurova Natasa, Kovacevska Ivona **Naskova Sanja** (2020) *The Impact of Oral Health on Quality of Life in Partially Edentulous Patients Before and After Prosthodontic Rehabilitations.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 30. pp. 89-94. ISSN 1857- 8489

Евалуација на трудот*: Целта на оваа студија е проценка на квалитетот на животот поврзан с*о оралното здравје, пред и по протетска рехабилитација. Во испитувањето се вклучени 60 пациенти со фиксни и мобилни протези за кои е подготвен специфичен прашалник пред и 6 месеци по третманот, вклучувајќи и екстраорален и интраорален преглед. Резултатите покажале дека протетската рехабилитација кај пациентите придонела до подобрување во оралното здравје и квалитетот на животот, што сугерира на зголемено ниво на задоволство на пациентот.

Трудот има стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24043

53. Нашкова Сања (2020) Проток на стимулирана плунка и пуферски капацитет кај деца со млечна дентиција. Knowledge - International Journal Scientific Papers, 43.4. ISSN 1857-923X

Евалуација на трудот: Карактеристиките на плунката ја прават да учествува во процесите на: заштита, да овозможува механичко испирање и отстранување на мобилните остатоци од храната и шеќерите, а со тоа ја намалува достапноста за ацидогените бактерии одговорни за процесот на деминерализација на емајлот. Авторот испитувањето го насочил кон утврдување на количеството на стимулирана плунка и утврдување на пуферскиот капацитет на плунката кај деца со млечни заби. Мострите од плунка се земани наутро минимално еден час по последниот оброк и миење на забите, со отсуство на испитаниците кои се во тек на подготовка на лекување на забите. Проценката на pH на плунка е направена со готови фабрички тестови DENTOBUFF – test (Vivadent, Schaan, Lihtenstein), кој вклучува систем-индикатор за менување боја за утврдување на вредноста на pH на плунката. На тест-лентата со подлогата со пипета од сетот нанесувавме капка плунка и по 5 минути, време доволно за реакција, ја споредувавме добиената боја со табела за боја на лента Dentobuff. Податоците за протокот на стимулирана плунка и пуферскиот капацитет на плунката кај децата со млечни заби, според авторот укажале дека нема значајна разлика помеѓу испитаниците двете групи ($p>0,05$).

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27367

54. Нашкова Сања, Лонгурова Наташа (2021) Влијание на социо-економски услови во појавата на дентален кариес кај деца со трајна дентиција. Knowledge, International Journal Scientific Papers, 44.2. ISSN 1857-923X

Евалуација на трудот: Асоцијацијата на социо-економските услови може да се користи како сериозен скрининг фактор и сериозно да партиципира како инструмент за проценка на ризикот од кариес. Авторите во истражувањето вклучиле деца по случаен избор од основните училишта во градот Штип. Стоматолошките прегледи се реализирани

со користење преносливи светилки со јачина од 60 W со бело-син спектар и стерилизирани пародонтални сонди бр.5 и огледалце. За да избегнеме визуелен замор, во текот на еден ден беа опсервирани најмногу 15 деца. За утврдување на социо-економскиот статус во семејствата на испитаниците и навиките на однесувањето кон денталното и орално здравје се користени специјално структурирани прашалници. Авторите заклучиле дека со порастот на социо-економскиот статус на децата со трајна дентиција присуството на дентален кариес кај децата се зголемува.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27941

55. Нашкова Сања (2021) Корелација помеѓу дентален кариес и индекс на телесна маса кај деца со млечна дентиција. Knowledge International Journal Scientific Papers, 45.4. ISSN 1857-923X

Евалуација на трудот: Авторите во овој труд се мотивирани од зголемената тежина кај децата е глобален здравствен проблем со мултифакториелно нарушување на животната средина и генетски фактори на ризик, каде што е присутна нерамнотежа помеѓу внесот на енергетски материи преку храната и енергетска потрошувачка со што се овозможува складирање на вишокот на енергија како масти, што би значело дека лошата исхрана е примарен фактор на дебелината. Истражувањето е реализирано за обезбедување на податоци за тоа колку паритиципира на појавата на денталниот кариес, кој претставува сериозен и актуелен здравствен проблем во нашата земја кај целата популација. Антропометриските мерења кои се  земени предвид се телесната тежина и висина, а толкувањето го реализиравме според возраста и полот со помош на шема за ИТМ и користење табели дадени од центар за контрола на болести и превенција (Center of Disease Control and Prevention) и специјално подготвен софтвер на СЗО (Anthro Plus v1.0.4*) за таа намена кој овозможува пресметување на податоци за телесната маса* кај деца и адолесценти. При утврдувањето на значајноста на придонесот за присуство на дентален кариес на секоја компонента, утврдено е дека најголемо влијание има ненахранетоста (Wald=2,06 /p>0,05(p=0,15), зголемената тежина (Wald=0,89 /p>0,05(p=0,35) а најслабо е влијанието на нормалната тежина (Wald=0,39 /p>0,05(p=0,53).

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28063

56. Лонгурова Наташа, Ковачевска Ивона, Нашкова Сања (2021) Клинички карактеристики и тераписки аспект на дентална флуороза. Knowledge - International Journal Scientific Papers, 45.4. ISSN 2545-4439 1857-923X

Евалуација на трудот: Во овој труд авторите ја опишуваат денталната флуороза, како честа болест која предизвикува дефект на емајлот на забите како резултат на зголемен внес на флуор за време на формирање на забите. Во студијата е опишана етиологијата на забната флуороза, како и класификацијата на истата во зависност од тежината на болеста.

Трудот има апликативна важност.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28085

**Објавени трудови во целост од други интердисциплинарни области:**

57. Zarkova-Atanasova Julija, Zlatanovska Katerina, Dimova, Cena, **Naskova Sanja**, Popovska, Lidija (2017) *Spectrophotometric analysis of natural teeth color in patients with different oral hygiene habits.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 20. pp. 48-53. ISSN 1857- 8489

Евалуација на трудот: Целта на авторите во овој труд била согледување на разликите во бојата на забите со различни навики во одржувањето на оралната хигиена. Авторите заклучиле дека практикувањето на одлични и добри навики во одржувањето на оралната хигиена претставува важен фактор кој влијае на бојата која ја имаат забите.

Трудот има научна *и* апликативна важност.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18605

58. Denkova Natasa, Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Iljovska Snezana,  **Naskova Sanja** (2017) *Mechanical Preparation of Samples For Profilometric Erosion Reserch.* IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 16 (12). pp. 16-27. ISSN 2279-0853

Евалуација на трудот: Целта на ова истражување била утврдување на постоењето и видот на различни примероци на механичка препарација на денталните ерозии. Ова истражување вклучува 14 примероци на дентин и 14 примероци на емајл од екстрахирани човечки заби подготвени на два начини. Како средство за ерозија е користена лимонска киселина. Покрај тоа, ова истражување ја анализира ефективноста на пет различни флуоридни препарати врз прогресијата на претходно предизвиканата ерозија. Ерозивните промени на површината се измерени со помош на профилометарот Surf тест модел бр. SJ-410. Промените на површината на примерокот како резултат на лимонската киселина и флуоридните препарати се разгледувани на макроскопско и микроскопско ниво. Резултатите покажале дека различните примероци на механичка препарација на денталните ерозии можат сигнификантно да влијаат на резултатите за денталните ерозии.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18717

59. Златановска Катерина, Ковачевска Ивона, Димова Цена, Лонгурова Наташа, Нашкова Сања, Панова Гордана, Јурукова Милена (2018) Употреба на отпечаточни материјали во фиксна протетика во источна Македонија. Knowledge: International Journal Scientific Papers, 22 (5). pp. 1428-1432. ISSN 1857-92
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20299
60. Toneva Verica, Toneva - Nikolova Aleksandra, **Naskova Sanja**, Atanasova Sandra, Kovacevska Ivona, Rogoleva Sonja, Kocovski Darko (2018) *Risk factors associated with musculoskeletal disorders in dentistry.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21117
61. Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Longurova Natasa, **Naskova Sanja**, Zarkova-Atanasova Julija, Atanasova Sandra (2018) *Most common mistakes and complications in impressions at fixed-prosthodontic constructions.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 23 (2). pp. 553-558. ISSN 2545-4439
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20732
62. Dimova Cena, Evrosimovska Biljana, Zlatanovska Katerina, **Naskova Sanja**, Zarkova Julija (2018) *Update in periradicular surgery.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 26 (4). pp. 1331-1334. ISSN 2545-4439
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20506
63. Шабани Албан, Димова Цена, Нашкова Сања, Заркова-Атанасова Јулија (2018) Дентоалвеоларни повреди. Knowledge - International Journal Scientific Papers, 26 (4). pp. 1307-1310. ISSN 1857-923X / 2545-4439
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20539
64. Златановска Катерина, Димова Цена, Нашкова Сања (2019) Протетски статус и потреба од протетска рехабилитација кај возрасни лица во град Струмица. Knowledge – International Journal, 34 (4). pp. 829-834. ISSN 2545-4439
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22751
65. Лонгурова Наташа, Златановска Катерина, Нашкова Сања (2020) Тераписки пристап на caries profunda. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 2545-4439

Евалуација на трудот: *Авторите го опишуваат длабокиот кариес како заболување на тврдите забни ткива кое се карактеризира со голем губиток на ткиво и деструкција на коронката, со можност за експонирање на забната пулпа. Во овој труд е наведена етиологијата на длабокиот кариес, како и методите за негово санирање. Од најчесто употребуваните методи кои се користат во секојдневната пракса како директно и индиректно прикривање на забната пулпа. Во истражувањето се разгледани и терапевтските постапки на отстранување на кариесот во корелација со длабочината на кариесот и зачувувањето на виталитетот на пулпата.*

Трудот има стручна и апликативна важност.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27354

66. Daci Arian, Kovacevska Gordana, Dimova Cena, **Naskova Sanja**, Petkov Marjan (2020) *In-vitro evaluation of depth reading and quality of post space in the root canal using intraoral (IOS) compared to a laboratory scanner for CAD/CAM post and core.* International Journal Knowledge, 43 (4). pp. 669-676. ISSN 2545-4439
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27349

**9. Трудови презентирани на конгреси, конференции и симпозиуми** - *од реден број 67* **до 87***:*

67. **Naskova Sanja**, Iljovska Snezana, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina, Zarkova Julija (2016) *The correlation between dental caries and socio-economic status in children from 4-6 year.* Nutricon 2016 - Food Quality & Safety, Health & Nutrition, 01-02 Dec 2016, Skopje, Republic of Macedonia.

Евалуација на трудот: Во овој труд авторите ја опишуваат поврзаноста помеѓу денталниот кариес и социо-економскиот статус кај деца на возраст од 4-6 години. Резултатите кои ги добиле укажале дека помеѓу денталниот кариес и социо-економскиот статус кај децата со млечна дентиција нема значајна статистичка разлика.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17097

68. Zlatanovska Katerina, Dimova Cena, Zarkova Julija, **Naskova Sanja**, Kocovski Darko (2016) *Oral health related quality of life in patients with fixed and mobile prosthodontic therapy.* Nutricon 2016 - Food Quality and Safety Health and Nutrition, 1-2 Dec 2016, Skopje, Macedonia.

Евалуација на трудот: Целта на оваа студија е да се оцени влијанието на третманот со фиксни и подвижни протези врз квалитетот на животот поврзан со оралното здравје кај пациенти кои посетуваат приватна стоматолошка ординација во Куманово, Македонија. Резултатите укажале на задоволително влијание на протетската рехабилитација врз квалитетот на животот и оралното здравје.

Трудот има стручна и апликативна важност.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17007

69. Kocovski Darko, Toneva Verica, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina, **Naskova Sanja** (2016) *Oral Hygiene Level Maintenance of Dental Medicine Students.* Conference on Food Quality and Safety, Health and Nutrition - NUTRICON 2016, 1-2 Dec 2016, Skopje, Macedonia.

Евалуација на трудот: Целта на оваа студија е да се процени одржувањето на оралната хигиена кај студенти по стоматологија во трета и петта година. Резултатите покажале дека постои подобрување на навиките и начинот на одржување на оралната хигиена.

Трудот има стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17256

70. Нашкова Сања, Атанасова Сандра, Тонева Верица (2017) Превенција и стоматолошки третман на пациенти со епилепсија. Knowledge - International Journal Scientific and applicative papers Vol 20.4, 15-17 Dec 2017, Bansko, Bulgaria.

Евалуација на трудот: Целта на авторите во овој труд била да укажат на посебните потреби за пациентите со епилепсија за време на стоматолошки третман. Препорачуваат планирање на дентален третман кај вакви пациенти, избегнувајќи го ризикот за појава на конвулзивни напади и превенирање на повреди во текот на нападите.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21118

71. **Naskova Sanja,** Iljovska Snezana, Alimani - Jakupi Jetmire, Dimova Cena, Zarkova Julija (2017) *Body mass index risk for the development of dental caries of 12 year-old pupils.* 22nd Bass Congress, Contemporary Challenges in Dentistry, 4-6 May 2017, Thessaloniki, Greece

Евалуација на трудот: Авторите укажуваат дека дебелината и оралното здравје имаат заеднички ризик-фактори со акцент на неурамнотежена исхрана. Целта на авторите била утврдување на врската помеѓу прекумерната тежина и присуството на забен кариес кај испитаници на возраст од 12 години.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18233

72. **Naskova Sanja**, Petrovski Mihajlo, Sulev Spase, Stojkov Andon (2017) *Aggressive form of periodontitis among the student population.* 24th International Scientific Student's Congress, 19-22 May 2017, Ohrid, Macedonia.

Евалуација на трудот: *Во оваа студија е испитана преваленц*ијата на агресивните форми на пародонтопатија кај студенти на стоматологија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во истражувањето се вклучени 186 студенти на кои е направен клинички преглед, анализа на дентална пантомографија и земена анамнеза за присуството на слични клинички промени. Од вкупниот број на испитаници е утврдено дека двајца од нив (1,08%) покажуваат клинички и рендгенски знаци на локализиран агресивен периодонтитис.

Трудот има стручна и апликативна важност.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18232

73. **Naskova Sanja**, Toneva Verica, Atanasova Sandra, Kostova Ordanka (2017) *Traumatic dental injury in primary teeth*. First International Symposium for Traditional Chinese Medicine, 06 Dec 2017, Stip, Macedonia.

Евалуација на трудот: Авторите ги споменуваат денталните трауми како едни од најчестите јавно здравствени проблеми, кои можат да ги зафатат и двете дентиции. Целта на овој труд била преку преглед на литературата да се откријат најчестите дентални повреди. Резултатите покажале дека во 75% станува збор за инфракција или авулзија и дека почесто се зафатени забите од млечната дентиција.

Трудот има стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19163

74. Тонева Верица, Нашкова Сања, Атанасова Сандра, Тонева Александра (2018) Предности во оралната средина од консумација на витамин C. Knowledge - International Journal Vrnjacka Banja.

Евалуација на трудот: Авторите во овој труд го потенцираат значењето на витаминот Ц, аскорбинска киселина потребен за многу функции во човековото тело и има мултипна улога во човековата хомеостаза. Неговите предности кои вклучуваат одржување на здрави заби, коски и добро периодонтално здравје и намалување на ризикот од премалигни лезии.

Трудот има апликативна важност.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20672

75. Атанасова Сандра, Нашкова Сања, Тонева Верица, Златановска Катерина (2018) Промени во оралното здравје во текот на бременост. Knowledge - International Journal, Vrnjacka Banja 2018.

Евалуација на трудот: Авторите во овој труд ги наведуваат промените кои настануваат во оралната празнина во текот на бременоста и дека истата не претставува причина за да се избегнуваат потребните стоматолошки третмани. Авторите укажуваат на потребната соодветна едукација на бремените пациенти за оралната хигиена, можните промени во устата како и редовните стоматолошки посети.

Трудот има стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20662

76. Атанасова Сандра, Ковачевска Ивона, Нашкова Сања, Тонева Верица, Златановска Катерина, Лонгурова Наташа (2018) Орална хигиена за време на ортодонтски третман. Knowledge - International Journal Scientific and applicative papers Vol 19.4, 29 Sept -1 Oct 2017, Agia Triada, Greece.

Евалуација на трудот: Авторите во овој труд го потенцираат одржувањето на здравствени навики кои се од клучно значење за пациентите кои се под ортодонтски третман. Несоодветната оралната хигиена пред започнување на третманот и лошата орална хигиена за време на ортодонтскиот третман е поврзана со поголема инциденца на несакани ефекти.

Трудот има стручна и апликативна важност.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20628

77. Kocovski Darko, **Naskova Sanja**, Zlatanovska Katerina, Zarkova-Atanasova Julija Toneva Verica (2018) *Flexible Dentures for Children – Case Report*. II Kongres Preventivne Stomatologije "Prevencija Oralnih Oboljenja - Buducnost Savreme Stomatologije", 02-03 Nov 2018, Belgrade, Serbia.

Евалуација на трудот: *Авторите укажуваат на загубата на забите од млечната дентиција и недостатоците кои произлегуваат од неа, како и суштинското значење од нивното надоместување, повраток на нормалните функции и обезбедување простор за сместување на* забите од трајната дентиција. Воедно се наведени и предностите на флексибилните протези, отпорни на кршење, лесно приспособливи за пациентите, имаат голема транспарентност и ја имитираат бојата на непцата и забите.

Трудот има стручна важност.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20772

78. **Naskova Sanja**, Zlatanovska Katerina, Toneva Verica, Atanasova Sandra Longurova Natasa (2018) *Saliva antioxidant capacity and dental caries in children between the age 4 to 6*. BaSS 2018, 23th Congress of the Balkan Stomatological Society, 10-12 May 2018, Jasi, Romania.

Евалуација на трудот: Во овој труд авторите ги потенцираат различните одбранбени механизми на плунката, како што се имунолошкиот и ензимскиот систем, одбрана од бактерии, вируси, габи и заштита на оралната мукоза. Истражувањето е насочено кон корелација на индексот DMF и антиоксидансниот капацитет на плунка. Авторите констатирале дека зголемувањето на вкупното присуство на антиоксиданти во плунката кај децата е проследено со намалено присуство на забен кариес кај деца. Антиоксидативната активност на плунката е поврзана со зголемување на суспензијата на протеините и кариогената активност, вкупниот антиоксиданс е зголемен кај деца со кариес во споредба со деца без кариес, без статистичко значење.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21123

79. Zlatanovska Katerina, Dimova Cena, Longurova Natasa, Kovacevska Ivona, **Naskova Sanja** (2019) *The Impact of Oral Health on Quality of Life in Partially Edentulous Patients Before and After Prosthodontic Rehabilitations*. Nutricon 2019" Food Quality and Safety Health and Nutrition, 12-14 June 2019, Ohrid, Macedonia.

Евалуација на трудот: Авторите во овој труд укажуваат на важноста на оралното здравје на квалитетот на животот кај повозрасни пациенти пред и по протетска рехабилитација. Во истражувањето биле вклучени 60 испитаници со фиксни и мобилни надоместоци, кои одговарале на прашањата од структуриран прашалник поврзани за оралното здравје по протетската рехабилитација. Резултатите укажале дека квалитетот на животот кај испитаниците е подобрен по протетската рехабилитација.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22393

80. Нашкова Сања (2019) Кариес во раното детство кај испитаници од предучилишни установи. 8-ми научен симпозиум: „Мултидисциплинарен пристап во стоматолошката практика", Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

Евалуација на трудот: *Кај децата многу често се јавува најтешката форма на кариес на млечните заби наречен циркуларен кариес или популарен синдром на бебињата – детското шишенце или кариес* на раното детство (КРД). Поттикнати од сознанието за големата преваленција на КРД кај децата, целта на авторот е насочена кон детерминирање на влијанието на професијата на таткото, мајката и КРД, образовното ниво на родителите и КРД, детерминирање на типот на КРД. Истражувањето е изведено кај 979 деца од предучилишните установи во градот Штип, кај деца од семејства со различен социо-економски статус. Социјално диететските услови се нотирани во специјално подготвени прашалници. Авторите констатирале дека во комплексната интеракција на предиспонирачки фактори на социјалната средина како што се социо-економскиот статус, здравствената едукација, градската и животната средина значајно влијаат на преваленцијата на кариесот и тежината на КРД кај малите деца и децата од предучилишната возраст во нашата средина.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23708

81. **Naskova Sanja**, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina, Atanasova Sandra, Longurova, Natasa (2019) *Predictive values of the detected streptococcus mutans, streptococcus sobrinus in saliva*

*in children with primary dentition for the presence of dental caries.* 24th BaSS Congress, 9-11 May 2019, Tirana, Albania.

Евалуација на трудот: *Во овој труд се опишани Streptococcus mutans и Streptococcus sobrinus како главни етиолошки агенси за појава на забен кариес кај луѓето. Утврдено е дека кај деца од предучилишна возраст во чија плунка се појавува,* мутаните и с. sobrinus имаат значително поголема инциденца на забен кариес отколку оние со присуство на само S. Mutans, што претставува и цел на авторите во овој труд. Авторите констатирале дека плунковните бактериски и небактериски параметри можат да се користат како сериозни скрининг фактори и можат сериозно да учествуваат како инструмент во проценката на ризикот од забен кариес.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23641

82. **Naskova Sanja**, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina (2019) *Association between the presence of lactobacillus in saliva and dental caries in children with permanent dentition.* Knowledge without borders - XXII International Scientific Conference, Kavala, Greece.

Евалуација на трудот: Целта на овој труд е да се испита дали постои значајна инверзна врска помеѓу интензитетот на денталниот кариес кариес и бактериските соеви на Lactobacillus. Лактобацилите биле првите микроорганизми кои биле поврзани и споменати како причинители за дентален кариес. Авторите посочуваат дека бројот на лактобацилите во плунката е подобар критериум од онаа на Streptococcus mutans иако тој се смета дека е во тесна корелација со појава на кариес.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22756

83. Нашкова Сања (2019) Компаративна анализа на социоекономски фактори, индекс на телесна маса и микробиолошки маркери и нивниот дијагностички потенцијал за кариес кај деца со млечни заби. 4th International Scientific Conference of the Faculty of Medical Sciences, University of Tetova.

Евалуација на трудот: Она што го мотивирало авторот за ова истражувањето беше обезбедување податоци за влијанието на надворешни фактори и дел на бактериски и небактериски компоненти во плунката и нивната партиципација на појавата на денталниот кариес на млечни заби. Испитувањата биле насочени кон неколку компоненти, да се утврди социо-економската состојба кај испитаниците, степенот на телесната маса кај испитаниците, да се идентификуваат бактериите Lactobacillus, Streptococcus mutans, *Streptococcus salivarius, Streptococcus mitis и S. sobrinus во плунката, и да се направи анализа и синтеза за меѓузависноста на денталниот статус и степенот на активност на денталниот кариес од млечна дентиција. Како заклучок е наведено дека клинички релевантна проценка на индивидуалната кариес активност не може да биде базирана само на еден од* наведените параметри ниту чувствителноста или специфичноста на тестирањата можат да постигнат потребна селективност. Затоа колку повеќе компоненти се земат предвид, толку е поголема можноста за точната проценка на индивидуалниот кариес ризик.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23711

84. **Naskova Sanja** (2020) *Flow of stimulated saliva and buffer capacity in children with primary dentition.* 29th International Scientific Conference "Knowledge in practice", Bansko, Bulgaria.

Евалуација на трудот: Испитувањето е насочено кон утврдување на количеството на стимулирана плунка и утврдување на пуферскиот капацитет на плунката кај деца со млечни заби. Податоците за протокот на стимулирана плунка и пуферскиот капацитет на плунката кај децата со млечни заби укажале дека нема значајна разлика помеѓу испитаниците.

Трудот има научно и стручно значење.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27372

85. **Naskova Sanja**, Longurova Natasa (2021) *Influence of socio-economic conditions on the occurrence of dental caries in children with permanent dentition.* 30th International Scientific Conference Knowledge without Borders, Vrnjacka Banja, Serbia.

Евалуација на трудот: *Целта на авторите во овој труд е да се оцени односот помеѓу оралното здравје и социо-економскиот статус. Авторите како причина за поврзаноста помеѓу орално здравје и социо-економскиот статус го наведуваат фактот дека истиот овозможува /не пристап до ресурсите за добивање сознанија за оралното здравје, во кои особено се потенцира потрошувачката на шеќери, оралната хигиена, превентивни активности и редовни стоматолошки прегледи.*

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27942

86. **Naskova Sanja** (2021) *Correlation between dental caries and body mass index in children with primary dentition.* 30th International Scientific Conference Knowledge without Borders, Vrnjacka Banja, Serbia.

Евалуација на трудот: Мотивацијата на авторот произлегува од зголемената телесна тежина кај децата, која претставува глобален здравствен проблем со мултифактуриелно нарушување на средината и фактори на ризик. Реализирањето на ваков вид истражување е обезбедување податоци за тоа колку партиципира на појавата на денталниот кариес, кој претставува сериозен и актуелен здравствен проблем во нашата земја кај целата популација. За реализација на поставените цели се опсервирани деца по случаен избор од предучилишни училишта во градот Штип. Помеѓу телесната маса на децата и присуството на денталниот кариес нема значајна поврзаност.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28064

87. Longurova Natasa, Kovacevska Ivona, **Naskova Sanja** (2021) *Clinical features and therapeutic aspect of dental fluorosis.* 30th International Scientific Conference Knowledge without Borders, Vrnjacka Banja, Serbia.

Евалуација на трудот: Овој труд претставува истражување на литература која не е постара од 10 години, која се однесува на етиологијата и тераписките ефекти за денталната флуороза. Целта е да се укаже етиологијата, клиничката слика, видовите на дентална флуороза како и тераписките ефекти кои како дел од реставративната стоматологија се од големо значење за справувањето со денталната флуороза.

Трудот има научно и стручно значење.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28086

**Трудови презентирани на конгреси конференции и симпозиуми од други интердисциплинарни области во стоматологијата**

88. Zarkova Julija, Zlatanovska Katerina, Dimova Cena, **Naskova Sanja**, Popovska Lidija (2016) *Spectrophotometric analysis of natural teeth color in patients with different oral hygiene habits.* Nutricon 2016 - Food quality and Safety Haelth and Nutrition, 1-2 Dec 2016, Skopje, Macedonia.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16903

89. Dimova Cena, Zdravkovska Milka, Zlatanovska Katerina, Zarkova Julija, **Naskova Sanja** and Kadrova, Sarita (2016) *Assessment of postoperative outcome and patient's life quality after different oral surgery procedure.* Conference on Food Quality and Safety, Health and Nutrition - NUTRICON 2016, 1-2 Dec 2016, Skopje, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17255

90. Dimova Cena, Zarkova Julija Zlatanovska Katerina, **Naskova Sanja** (2016) *The use of electronic microscopy in root apex morphology of maxillar and mandibular premolars.* Roots Summit, 30 Nov -03 Dec 2016, Dubai, UAE.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16898

91. Zarkova-Atanasova Julija, Zlatanovska Katerina, Kocovski Darko, **Naskova Sanja**, Dimova Cena (2017) *Range of color parameters in maxillary central incisors versus three different*

*shade guides.* 22nd Bass Congress, Contemporary Challenges in Dentistry, 4-6 May 2017, Thessaloniki, Greece.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18034

92. Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Dimova Cena, Longurova Natasa, **Naskova Sanja** (2017) *Traditional Chinese medicine and oral health.* First International Symposium for Traditional Chinese Medicine, 06 Dec 2017, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19003
93. Papakoca Kiro, Lazarova Ljupka, Atanasova Sandra, **Naskova Sanja** (2017) *Side effects of local anesthetics when placing the implants (Researching the dental offices in city of Stip).* First International Symposium for Traditional Chinese Medicine, 06 Dec 2017, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20105
94. Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Longurova Natasa, **Naskova Sanja** Kocovski Darko (2018) *Use of porcelain veneers in dental offices in Macedonia.* BaSS 2018, 23th Congress of the Balkan Stomatological Society, 10-12 May 2018, Jasi, Romania. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20736
95. Тонева Верица, Тонева - Николова Александра, Нашкова Сања, Атанасова Сандра, Ковачевска Ивона, Роголева Соња, Кочовски Дарко (2018) Ризик фактори во корелација со мускулоскелетни нарушувања во стоматологијата. Knowledge – International Journal Vol. 23.2, 24-27 May 2018, Budva, Montenegro. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21121
96. Златановска Катерина, Ковачевска Ивона, Лонгурова Наташа, Нашкова Сања, Заркова-Атанасова Јулија, Атанасова Сандра (2018) Најчести грешки и компликации при отпечатување кај фиксно-протетички конструкции. Knowledge – International Journal Vol. 23.2, 24-27 May 2018, Budva, Montenegro.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20733
97. Атанасова Сандра, Ковачевска Ивона, Нашкова Сања, Тонева Верица, Лонгурова Наташа (2018) Несакани ефекти на ортодонтски третман. Knowledge – International Journal Vol. 23.2, 24-27 May 2018, Budva, Montenegro.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20611
98. Димова Цена, Евросимовска Билјана, Златановска Катерина, Нашкова Сања, Заркова-Атанасова Јулија (2018) Новини во перирадикуларната хирургија. The Power Of Knowledge, XVIII -th International Scientific Conference, Knowledge, 26-29 Sept 2018, Agia Triada, Greece.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20509
99. Atanasova Sandra, Carceva-Salja Sofija, **Naskova Sanja**, Longurova Natasa, Toneva Verica (2019) *Orthodontic treatment in adult patients*. 24th BaSS Congress, 9-11 May 2019, Tirana, Albania.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22433
100. Zlatanovska Katerina, Longurova Natasa, Dimova Cena, Kovacevska Ivona, **Naskova Sanja** (2019) *Clinical complications in fixed prosthodontics.* 24th BASS Congress, 9-11 May 2019, Tirana, Albania.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22374
101. Zlatanovska Katerina, Dimova Cena, **Naskova Sanja** (2019) *Prosthodontic status and need for prosthodontic rehabilitationa among the elderly in Strumica.* Knowledge without borders - XXII International Scientific Conference, 11-13 Oct 2019, Kavala, Greece. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22752
102. Longurova Natasa, Zlatanovska Katerina, **Naskova Sanja** (2020) *Therapeutic approach to caries profunda.* 29th International Scientific Conference – Knowledge in practice, 18-19 Dec 2020, Bansko, Bulgaria.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27490

**Ментор на студентски теми**

– Proseva Ljubica, Atanasova Sandra, **Naskova Sanja** (2018) *Traumatic injury caused by a toothbrushing: A case report.* Digital vs Analogical in Dental Medicine- First International

Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20665
– Lazarova Ljupka, **Naskova Sanja**, Taseva Tatjana, Mladenovska Katerina (2018) *Application of fluoride in children (advantages and disadvantages).* Digital vs Analogical in Dental Medicine- First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20712
– Novoselska Marija, Krmzova Suzana, **Naskova Sanja**, Atanasova Sandra (2018) *Role of fluoride varnish in preventing early childhood caries.* First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21120
– Crngarova Milena, Stefanova Tanja, Atanasova Sandra, **Naskova Sanja** (2019) *Pattern of dental malocclusions in Dental Medicine students.* Dental summer school & Second International Student's Congress in Dental Medicine 2019, 23-26 May 2019, Ohrid, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26608

**14. Учесник во научен проект**

14.1 Димова Цена, Нашкова Сања, Халити Сибелџан, Трајановски Даниел, Љатив Сабина, Еминоска Селма, Еминоска Алма (2017) Подобро орално здравје за повеќе весели насмевки. [национален проект]

14.2 Димова Цена, Папакоча Киро, Златановска Катерина, Нашкова Сања, Заркова-Атанасова Јулија, Петровски Михајло, Терзиева-Петровска Оливера, Роголева Соња, Кочовски Дарко (2018) Значење на соодветна орална хигиена за состојбата на оралното здравје кај студенти на медицинските науки/ Significance of proper oral hygiene for oral health condition of medical science students. [национален проект]

14.3 Димова Цена, Нашкова Сања, Златановска Катерина, Заркова-Атанасова Јулија, Митевски Кирил (2020) Современи аспекти на дезинфекција и стерилизација на инструменти и апарати во дентална медицина. [национален проект]

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

**17. Елаборати и експертизи**

17.1. Елаборат за акредитација на студиска програма Дентална медицина – прв циклус на петгодишни студии – студиска програма на која е интегриран прв и втор циклус на студии (2017);

17.2. Елаборат за акредитација на прв циклус студии – студиска програма Забни техничари – протетичари (2017);

17.3. Универзитетски стоматолошки центар при ФМН, УГД;

17.4. Универзитетска забно-техничка лабораторија при ФМН, УГД;

**19.** Стручни награди и признанија за труд под реден број 90 од списокот на трудови, за освоено трето место. (Dimova Cena, Zarkova Julija Zlatanovska Katerina, **Naskova Sanja** (2016) *The use of electronic microscopy in root apex morphology of maxillar and mandibular premolars.* Roots Summit, 30. Nov.-03. Dec. 2016, Dubai, UAE. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16898

**28. Член на факултетски орган, комисија**

28.1. Член на комисија за упис на студенти при Факултет за медицински науки 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 година;

28.2. Член на комисија за спроведување тајно гласање за избор на членови за самоевалуација на ФМН од редот на студентите 2019 година.

Доц. д-р Сања Нашкова е член на повеќе професионални асоцијации и тоа:
– Стоматолошка комора на Република Македонија;
– Македонско стоматолошко друштво;
– дружение на специјалисти по детска и превентивна стоматологија при Македонско стоматолошко друштво;

- Стоматолошко здружение на Македонија, Р.Македонија;
- Етернитас – Професионално здружение на стоматолози, Скопје;
- Балканската асоцијација на стоматолози;
- Активно вклучена во организација на симпозиуми, студентски конгреси и летна школа од Денталната медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип:
- „Дентофацијална естетика – современи пристапи и решенија“ (симпозиум), 5.11.2016 година;
- „Неправилности грешки и пропусти и нивно санирање при стоматолошките интервенции“ (симпозиум) 11.11.2017 година;
- „Стоматолошката наука и пракса денес и тука“ (симпозиум), 24.3.2018 година;
- First international students congress in dental medicine 2018: „Digital VS Analogical” 28.3 - 29.3. 2018 година;
- „Dental Summer School“, 13.9.2018 година, Охрид, Македонија;
- 8-ми научен симпозиум: „Мултидисциплинарен пристап во стоматолошката практика”, 6.3.2019 година;
- „Dental summer school & Second International Student's Congress in Dental Medicine 2019“, 23-26 May 2019, Ohrid, Macedonia.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа доц. д-р Сања Нашкова има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатката доц. д-р Сања Нашкова ги исполнува критериумите за да биде избрана во звањето вонреден професор и за целокупната активност во извештајниот период од 2016 до 2021 година има остварено (НО=30, НИ=174.4 и САОР=22) или вкупно 226.4 поени.

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, според Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип кандидатот доц. д-р Сања Нашкова да биде избрана за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област детска стоматологија и превентивна стоматологија / поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Снежана Иљовска,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Мира Јанкуловска,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Цена Димова,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | | | | | | |
| **1.** | **Избор во звање доцент** | 1 | 30 | / | / | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **4** | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор –бр. 41,43,44,47,51,53,54,55)** | 1 | 9 1x9=9 | 7 | 9 7x9=49 | 58 x 1.3= **75.4** |
| | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор –бр. 45,46**) | / | / | 2 | 6 2x6=12 | **12** |
| | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание** (**останати автори – бр.42,** 49, 50, 52, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66) | 3 | 3 3x3=9 | | 3 12x3=36 | 45x0.7=**31.5** |
| **6** | **Пленарно предавање на научен собир (бр.80,83)** | 2 | 3 2x3=6 | | | **6** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **9** | **Учество на научен собир со реферат во земјава** (постер) бр.67, 68, 69, 72, 73, 79, 88, 89, 92, 93 | 10 | 1<br>10x1=10 | | | **10** |
| | **Учество на научен собир со реферат во странство (постер) бр. 70, 74, 75,76, 77, 78, 81, 82, 84, 85, 86,87, 95, 97, 98, 99, 100, 101,102** | | | 19 | 1.5<br>19x1.5=28.5 | **28.5** |
| | **Учество на научен собир со реферат (усно), во земјава бр.91,94** | 2 | 2x1.5=3 | | | **3** |
| | **Учество на научен собир со реферат во странство,(усно) 96** | | | 1 | 2<br>1x2=2 | **2** |
| **14** | **Учесник во научен проект** (максимум во три проекти) | 3 | 2<br>2x3=6 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **174.4** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **5** | **Труд во стручно (научно популарно) списание** (бр. 48) | 1 | 2 | | | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **17** | **Елаборати и експертизи**<br><br>17. 1. Елаборат за акредитација на студиска програма по Дентална медицина – прв циклус **на петгодишни студии – студиска програма која е интегриран прв и втор циклус на студии (2017)**<br><br>17. 2. Елаборат за **акредитација на прв циклус студии – студиска програма за Забни техничари – протетичари (2017)**<br><br>17. 3. Универзитетски **стоматолошки центар при ФМН, УГД**<br><br>17. 4. Универзитетска забно-техничка **лабораторија при ФМН, УГД** | 4 | 2<br><br>4x2=8 | | | **8** |
| **19** | **Стручни награди и признанија (бр.90)** | | | 1 | 8 | **8** |
| **28** | **Член на факултетски орган, комисија**<br><br>28.1. Член на комисија за упис на студенти при Факултет за медицински науки 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 година<br><br>28. 2. Член на комисија за спроведување тајно гласање за избор на членови за самоевалуација на ФМН од **редот на студентите 2019 година** | 2 | 2<br><br>2x2=4 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **22** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **226.4** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-182/4 од 2.6.2021 година донесена на 259. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област дигестивна хирургија (30306) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во следниот состав:

– **д-р Никола Јанкуловски,** редовен професор на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, наставно-научна област дигестивна хирургија, претседател;
– **д-р Реџеп Селмани,** вонреден професор на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, наставно-научна област дигестивна хирургија, член;
– **д-р Андреја Арсовски,** насловен вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, наставно-научна област торакална хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика - Скопје, член.

На Конкурсот за овој избор, распишан од страна на Универзитетот „Гоце Делчев» во Штип, кој беше објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" на 15.5.2021 година, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Александар Митевски, доктор на медицински науки – клиничка медицина, вработен во Приватна општа болница Ремедика во Скопје.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест и задоволство ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатот **д-р Александар Митевски** е роден на 19.10.1974 во Скопје. Во 1993/1994 год. се запишува на студиската програма Општа медицина на Медицинскот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и истите ги финализира во 2000 година со просечна оценка 8,5. Во 2000 год. е ангажиран како професор по предметот Превентивна медицина и нега во Средното општинско медицинско училиште „Јане Сандански" во Штип. Во 2001 год. работи како лекар во амбулантата на АРМ, а од 2002 г. се вработува во службата на Итна медицинска помош при Клиничката болница во Штип. Во 2004 год. е распределен на Хируршкото одделение при истата болница, од каде што во октомври истата година ја започнува специјализацијата по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата ја завршува во јануари 2009 год., додека супспецијализацијата по абдоминална хирургија ја започнува во февруари 2012 год., а ја завршува во март 2014 год. Во меѓувреме учествува на повеќе курсеви и едукативни престои:

– во 2010 год. престојува на петнеделна обука за итни хируршки интервенции и лапороскопска хирургија под менторство на Dr. Nurullah Zengin во Numune Hastanesi во Анкара, Турција;
– во 2012 год. завршува еднонеделен курс за HTA (Health technology assessment) во Лугано, Швајцарија;
– - во 2014 год. завршува ATLS (Advanced Trauma and Life Support) course, 28 часа обука со координатор John Francis во Скопје;
– во 2015 год. завршува курс за напредна колоректална лапароскопска хирургија во Риека, Хрватска;

- во 2017 год. посетува курс за роботска хирургија во САД - Fox Valley Ascension Medical group, St. Elizabeth's Hospital под менторство на Kenneth J Bruder, MD, FACS;
- во 2018 год. во два наврати посетува курс за пелвична патологија и бенигни болести во проктологијата во Италија - Policlinico Universitario "Agostino Gemelli" Roma под менторство на Prof. Carlo Ratto;
- во 2019 год. го финализира своето стручно усовршување во лапароскопска баријатриска хирургија во Splosna bolnisnica Slovenj Gradec, Oddellek za splosno in abdominalno kirurgijo, European center of excellence for bariatric surgery во Словенија под менторство на Dr. Gregor Kunst.

Д-р Александар Митевски во периодот **од 2010-2013 год. и 2017-2018 год. раководи со одделот Хирургија при Клиничката болница во Штип, а од 2018 год. работи како абдоминален хирург во Приватната општа болница Ремедика во Скопје.**

Во 2011 год. д-р Александар Митевски се запишува на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје и истите ги завршува во 2016 год. со одбрана на докторската дисертација на тема „Лапароскопска наспроти отворена ингвинална херниопластика – инфламаторен одговор и ран клинички исход" од областа на абдоминаланата хирургија, по што се стекнува со звање доктор на медицински науки од областа на клиничка медицина.

На Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип д-р Александар Митевски е ангажиран од 2009 год. како асистент по предметот Хирургија, а од 2016 год. е избран за доцент по предметите од областа на хирургијата и клиничко иследување 2.

Активно го познава англискиот јазик.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен вонреден професор**

Општи услови за избор*:*
1. Доктор на науки од областа на медицински науки - клиничка медицина;
2. Остварен просечен успех од 8,50 од прв циклус на студии;
3. Објавени најмалку пет рецензирни научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **MitevskiA**,AntovicS, MarkovP, Jankulovski N | Laparoscopic TAPP versus Lichtenstein repair - early clinical outcome | Macedonian Medical Review;2020. 74 (3). pp. 165-172. ISSN 0025-1097 | 1946 (75) |
| 2 | **MitevskiA**, Markov P | eTEP-retromuscular repair for ventral hernia; a technique closest to ideal | LietuvosChirurgija / Lithuanian Surgery;2020.19(3-4):151-155. | 1993(28) |
| 3 | **MitevskiA,**Antovic S, Markov P | IPOM Plus–an effective methodmin treatment of ventral hernia. | Macedonian journal of anaesthesia;2020.4(2):73-77. | 2017 (4) |
| 4 | **MitevskiA**, Markov P, Milev I, Jankulovski N | Laparoscopic appendectomy in Clinical hospital-Shtip (2014-2019). | Macedonian Medical Review;2019. 73(1): 5-8. | 1946(75) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5** | TrokovskiN,**<u>Mitevski A</u>**, Zafirova-Ivanovska B | Postoperative complications in endoscopically operated patients with inguinal hernias | Medicus;2019.24(3):354-358 | 1997 (24) |

4. Потврда за познавање на англиски јазик;
5. Со Одлука 2002-224/6 од 17.11.2016 г. на 171. седница на Наставно- научниот совет на Факултетот за медицински науки, УГД-Штип е избран во звање доцент од наставно-научната област дигестивна хирургија.

***Посебни услови:***

1. Учесник е во меѓународен научен проект од 2019 - COST, CA17118- Identifying Biomarkers Through Translational Research for Prevention and Stratification of Colorectal Cancer.
2. Ангажиран на пет дипломски работи во рамките на првиот циклус на студии, член на повеќе комисии за одбрана на специјалистички трудови, бил рецензент во комисии за избор наставно-научни звања - доцент во неколку наврати. Ментор и едукатор е на специјализанти од областа абдоминална хирургија, гинекологија и општа хирургија.
3. Коавтор на учебникот „Хируршка пропедевтика“, учебник за студенти на медицина од предметот Клиничко испитување 2.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Александар Митевски е избран за помлад асистент по предметот Хирургија на Факултетот за медицински науки во Штип од 2009 год., од 2012 год. за асистент, а од 2014 год. за стручно лице од пракса во областа хирургија. Во 2016 год. е избран во звање доцент по предметите од областа на хирургијата и клиничко иследување.

Во текот на целокупниот работен ангажман на Факултетот за медицински науки во Штип, д-р Александар Митевски реализира наставно-образовната дејност не само на студентите од студиската програма по општа медицина, туку и на студентите од студиската програма Дентална медицина и тригодишните стручни студии.

Како ментор д-р Александар Митевски е ангажиран на пет дипломски работи во рамките на првиот циклус на студии. Паралелно на тоа, учествува во наставата по предметите: Организација на работа и заштита во оперативн блок и Современи дијагностички методи и постапки, од вториот циклус на стручни студии Медицински сестри, насока Инструментарки и интензивно лекување. Во рамките на вториот циклус на студии, учествува како член на повеќе комисии за одбрана на специјалистички трудови, бил рецензент во комисии за избор наставно-научни завања - доцент во неколку наврати. Ментор и едукатор е на специјализанти од областа абдоминална хирургија, гинекологија и општа хирургија.

Во Ремедика - Скопје, каде што е вработен, одржува ***консултации со*** студентите по медицина ***во рамките на здравствената клиничка пракса.***

Учествува во научноистражувачки проекти од областа на хирургијата. Автор е на повеќе трудови од областа на општата и дигестивна хирургија. Учествува со свои изложувања на стручни собири, конгреси, симпозиуми во земјава и во странство. Има повеќе стручни престои во странство: Турција, Швајцарија и Хрватска, САД, Италија и Словенија.

Од 2017 година учествува како рецензент на научни трудови во списанието Македонски медицински преглед кој го издава Македонското лекарско друштво.

Има завршено специјализација по општа хирургија во 2009 и супспецијализација по абдоминална хирургија во 2014 на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Александар Митевски работи во областа на абдоминалната хирургија и посветен е на воведувањето на минимално инвазивните техники од областа на лапароскопијата.

Сите објавени трудови на д-р Александар Митевски се достапни во електронска форма на е-репозиториумот на УГД Штип и можат да се видат на следниов линк:

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Mitevski=3AAleksandar=3A=3A.html

Рецензијата на претходно објавените трудови на д-р Александар Митевски при изборот во звање доцент е објавена во Универзитетскиот билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, бр. 178 од 1.11.2016 год.

**СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ**

**Публикации во списанија со меѓународен уредувачки одбор:**

1. Cvetanovski, Vlatko and Arsovski, Andreja and Mitevski, Aleksandar and Cvetanovska, Marija and Kondov, Borislav and Dimitrov, Zoran (2021) Deep vein arterialisation: case report. Journal of morphological science, 4 (1). pp. 61-64. ISSN 2545-4706.

Претставува труд во кој се презентира иновативна, нова метода на воспоставување на циркулација на долен екстремитет.

2. Mitevski, Aleksandar and Antovic, Svetozar and Markov, Petar (2020) IPOM Plus–an effective methodmin treatment of ventral hernia. Macedonian journal of anaesthesia. ISSN 2545-4366. Трудот е презентација на случај на изведена минимално инвазивна техника кај комплициран случај со неколку претходни оперативи зафати на кила на стомачен ѕид. Методата е една од широко прифатените методи восветот, но случајот е специфичен заради претходните оперативни зафати и поставените протези, што дополнително ја отежнува постапката.
3. Mitevski, Aleksandar and Antovic, Svetozar and Markov, Petar and Jankulovski, Nikola (2020) Laparoscopic TAPP versus Lichtenstein repair - early clinical outcome. Macedonian Medical Review; 74 (3). pp. 165-172. ISSN 0025-1097. Се презентираат резултати од проспективна тригодишна студија за лапроскопска поправка на ингвинална хернија која е прва во Македонија и претставува труд со единствени резултати од таа област. Пред да се започне студијата техниката не беше востановена како рутинска процедура во Македонија.
4. Mitevski, Aleksandar and Milev, Ilija and Tahir, Senol and Trokovski, Nikola and Markov, Petar and Nikoloska, Katerina (2020) Transversus abdominis release:a case report. Medicus. ISSN1409-6366. Во трудот е презентирана техника која е единствена по комплексноста на изведување. Ретко изведувана во Македонија, но и во светот заради ретката можност да се најде соодветен пациент и секако заради комплексноста на изведувањето.
5. Mitevski, Aleksandar (2020) eTEP-retromuscular repair for ventral hernia; a technique closest to ideal. LietuvosChirurgija / Lithuanian Surgery. ISSN 1392–0995 ; 1648–9942 (online).Презентираната техника претставува релативно нова техника за поправка на вентрални хернии, која според нашите информации првпат беше изведена во Ремедика - Скопје и во Македонија.
6. Milev, Ilija and Karagjozov, Panche and Mitevski, Aleksandar and Mihailov, Marjan (2019) Annular pancreas with choledocholithiasis in an adult male patient: a case report. International Surgery Journal, 6 (10). pp. 3834-3838. ISSN 2349-3305, 2349-2902. Во презентираниот труд се дава можното решение за ретка вродена аномалија на панкреасот. Трудот има значење бидејќи презентира состојба која ретко може да се верифицира.
7. Markov, Petar and Milev, Ilija and Mitevski, Aleksandar (2019) Hydatid cyst migration in peritoneal cavity: a case report. LietuvosChirurgija / Lithuanian Surgery. ISSN 1392–0995; 1648–9942 (online). Презентираниот случај е состојба кај паразитоза на црниот дроб која не е дијагностицирана на време икако резултат на развојот на паразитот дошло до руптура и миграција на циста која е третирана како примарна оваријална заради положбата и возраста на пациентката.
8. Mitevski, Aleksandar and Markov, Petar and Milev, Ilija and Jankulovski, Nikola (2019) Laparoscopic appendectomy in Clinical hospital-Shtip (2014-2019). Macedonian Medical

Review. ISSN 0025-1097. Трудот е ретроспективна студија во 5-годишен период и претставува анализа на воведувањето на лапароскопската апендектомија во Клиничката болница во Штип и трендот на развој и раст во дадениот период.

9. Trokovski, Nikola and Mitevski, Aleksandar and Zafirova-Ivanovska, Beti (2019) Postoperative complications in endoscopically operated patients with inguinal hernias. Medicus. ISSN 1409-6366. Во овој труд се презентирани раните постоперативни компликации кај пациенти со ингвинална хернија третирани ендоскопски. Трудот е студија спроведена во два центри, Клиничка болница - Штип и Вториот специјален хируршки оддел на Медицинскиот универзитет во Пловдив, Бугарија.

**Публикации во стручни списанија:**

1. Mitevski, Aleksandar (2021) Многу е честа т.н. неодобрена употреба на лекови. Ревита, стручно списание на Ремедика Скопје (33). pp. 34-35
2. 2. Mitevski, Aleksandar (2020) Комплексни хернии на стомачниот ѕид. Ревита, стручно списание на Ремедика Скопје (31). pp. 35-36.
3. Mitevski Aleksandar (2019) Хемороиди, сериозен проблем за кој се срамиме да појдеме на лекар. Ревита, стручно списание на Ремедика Скопје (28). pp. 26-29.
4. Mitevski, Aleksandar (2019) Здебелувањето зазема епидемиски размери во светот. Ревита, стручно списание на Ремедика Скопје (27). pp. 36-39.
5. Mitevski, Aleksandar (2018) Пилонидална болест - има повеќе начини за решавање на синусот. Ревита, стручно списание на Ремедика Скопје (24). pp. 14-16.
6. Mitevski, Aleksandar (2018) Болести на стомакот, како да ги препознаеме, кога се третираат, а кога се оперираат. Ревита, стручно списание на Ремедика - Скопје (22). pp. 8-11.

**Публикации на конгреси, семинари и стручни состаноци:**

1. Mitevski, Aleksandar (2019) Минимално инвазивни техники во абдоминалната хирургија. In: Втор конгрес на студенти по Општа медицина УГД, 10-11 May 2019, Stip, Macedonia.

   Книга /поглавје од книга
2. Arsovski Andreja, Mitev Konstantin, Mitevski Aleksandar (2020) Хируршка пропедевтика. In: Хируршка пропедевтика. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Книгата е наменета за студентите на медицина. Во неа се обработуваат техниките на испитување и базичен преглед на пациентите од хируршки аспект. Кандидатот д-р Александар Митевски ги има обработено поглавјата од општиот дел, делот за абдоминален преглед и лабораториски иследувања.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот д-р Александар Митевски е член на Здружението на хирурзи на Р. Македонија, имал активна улога во организирањето на стручни состаноци организирани од страна на самото здружение. Исто така, д-р Александар Митевски се јавува како автор и коавтор на повеќе трудови во стручни списанија и е автор на учебник/ книга. Член е на владино тело - Управен одбор на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје / член – претставник на основачот/ Влада на Република Македонија од август 2017 год. Учесник е во меѓународен научен проект од 2019 - COST, CA17118- Identifying Biomarkers Through Translational Research for Prevention and Stratification of Colorectal Cancer.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доцент д-р Александар Митевски вработен во Приватна општа болница Ремедика во Скопје е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно- научната област дигестивна хирургија на Факултетот за медицински науки, УГД, Штип.

Од целокупно наведената наставна, научноистражувачка и стручно-апликативна, како и организациско-развојна дејност на кандидатот доцент д-р Александар Митевски, како Рецензентска комисија заклучуваме дека кандидатот ги исполнува условите утврдени со Законот за високо образование на Р. Македонија, како и на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област дигестивна хирургија. Констатираме дека кандидатот доцент д-р Александар Митевски во периодот по изборот во доцент до денес остварува значителен напредок во научноистражувачката дејност, истовремено остварува континуиран прогрес како во наставно-образовната дејност, така и во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Имајќи ги предвид претходно изложените факти во овој извештај, освоените поени на активности на кандидатот во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и врз база на личното познавање на кандидатот, имаме чест и задоволство на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да му предложиме да го избере доцент д-р Александар Митевски во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област дигестивна хирургија.**

**Рецензентска комисија:**

**Д-р Никола Јанкуловски,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Реџеп Селмани,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Андреја Арсовски,** насловен вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4** | Избор во звање доцент | | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **2** | Дел од монографија или научна книга | 1 | 6 | | | 6 |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) | 5x9 | | | | 45 |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) | 1x6 | | | | 6 |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори) | 3x3 | | | | 9 |
| **7** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 1 | 2 | | | 2 |
| **22** | Студиски престој во странство | 8 | | | | 8 |
| **23** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 2x1,5 | | | | 3 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **79** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **5** | **Труд во стручно (научно популарно списание)** | 6 | 2 | | | 12 |
| **13** | Учесник во научен проект | | | 1 | 8 | 8 |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела | 5 | | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **134** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-169/4 од 17.6.2021 година донесена на 248. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 17.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *управување со човечки ресурси и претприемништво* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.6.2021 година и во предвидениот рок се пријави д-р Мимоза Серафимова, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката **д-р Мимоза Серафимова** е родена на 24 јануари 1962 година во Прилеп. Основно и средно образование завршува во Прилеп со континуиран солиден успех. Додипломските студии ги завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломира со средна оценка 8,66 на Педагошкиот факултет, а постдипломските на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, каде што на темата „*Трансфер на знаењето од обуките на работното место*“ дипломира со средна оценка 9,78 и се стекнува со звање магистер по образовен менаџмент. Во 2011 година на Економскиот факултет при Европскиот универзитетот - Скопје ја брани докторската дисертација на тема „*Модел на стратешко лидерство во образовните институции*“ и се стекнува со научен степен **доктор на економски науки, МБА менаџмент.**

Од декември 2011 година е вработена како доцент (Одлука бр. 2602-341/4 на 28.12.2011 г.) по група предмети од менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што покрај редовните студии, вклучена е и во постдипломските студии на насоката Бизнис логистика, а подоцна е избрана за вонреден професор (Одлука бр. 2102-205/3 од 18.5.2016 г.) на истиот факултет.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

Со Одлука бр. 2102-205/3 од 18.5.2016 година е избрана за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области претприемништво и бизнис менаџмент.

Д-р Серафимова има работно искуство во меѓународни организации (Католички служби за помош и Програмата за развој на УСАИД), каде што била одговорна за обучување обучувачи на повеќе програми, проекти и активности. Од 2011-2016 година била вработена како доцент по група предмети од економски науки на Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) при Универзитетот „Гоце Делчев“ (УГД) во Штип (Одлука р 2602-341/4 на 28.12.2011 г.). Од 2016 година до сега, д-р Серафимова е вонреден професор од областа на претприемништво и бизнис менаџмент на ФТБЛ при УГД во Штип (Одлука бр. 2102-205/3 од 18.5.2016 година). Како доцент, покрај на редовните студии, била вклучена и во постдипломските студии на насоките Меѓународен туризам и Бизнис логистика, а како вонреден професор била ангажирана и на трет циклус студии на насоката Туризам.

Од приложената документација се гледа дека д-р Мимоза Серафимова има солидни познавања од англискиот јазик.

**Општи услови за избор во звање редовен професор**

1. Просечен успех: додипломски студии 8,66 и на постдипломски студии 9,78.
2. Научен степен: доктор на економски науки. Докторската дисертација на тема „Модел на стратешко лидерство во образовните институции" е одбранета на 24.6.2011 година на Економскиот факултет - Скопје при Европскиот универзитет – Скопје.
3. Претходен избор во звање: со Одлука бр. 2102-205/3 од 18.5.2016 година, д-р Мимоза Серафимова е избрана за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научните области претприемништво и бизнис менаџмент.
4. Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Serafimova, M**. | *Factors and conditions of the labor market in Macedonia and the region - condition and analyses.* (2020) | International Journal of Information, Business and Management, (EBSCO) | 18 |
| 2. | **Serafimova, M**. | *Development of the labor market in the Republic of Macedonia.* (2019) | International Journal of Information, Business and Management, (EBSCO) | 18 |
| 3. | **Serafimova, M**. and Bardarova, S. | *Supply of the labor market with labor force - Condition in Macedonia.* (2019) | International Journal of Business and Management Invention, (EBSCO) | 9 |
| 4. | Boskov, T. & Zezova,A. & **Serafimova, M.** | *Career Management and New Organization Perspectives.* (2018) | Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), SCOPUS IF: 0.115). | 21 |
| 5. | Stojceska Gjorgioska, M. & **Serafimova,M.** &Gjorgioska, E. | Comparative strategies accession for entrepreneurial education in the Republic of Macedonia (2017) | Knowledge – International Journal (EBSCO) | 12 |
| 6. | Petrevska, B. Cingoski, V. & **Serafimova, M.** | *Sustainable tourism and hotel management in Macedonia through the use of renewable energy sources.* (2016) | UTMS Journal of Economics, (EBSCO) | 11 |

5. Потврда за познавање јазик: Д-р Мимоза Серафимова има доставено Уверение за познавање англиски јазик.
6. Објавен рецензиран универзитетски учебник од научната област за која се избира:
    1. **Serafimova, M**. (2019) *Основи на менаџмент.* Универзитет „Гоце Делчев", Штип. Р Македонија. ISBN 978-608-244-694-3.

7. Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Мимоза Серафимова е вработена на ФТБЛ при УГД од 2011 година, почнувајќи од доцент до вонреден професор. Била член на универзитетски и факултетски комисии.

Нејзиниот научен интерес е од областа на менаџмент аспектите на развојот на човечките ресурси и претриемништвото, надополнет со промовирање на нови иновативни начини на негово унапредување.

***Посебни услови за избор во звање редовен професор***

1. Под менторство изработени дипломски/магистерски/докторски тези: Во изборниот период д-р Серафимова била ментор на бројни дипломски трудови, а тековно е ментор на два магистранти и еден докторанд.
2. Учествувала во научноистражувачки проекти: Во изборниот период д-р Серафимова била активен учесник во два на научноистражувачки проекти финансирани од Фондот за научно-истражувачка работа на УГД.
3. Придонес во оспособување помлади наставници и соработници: Д-р Серафимова до сега соработувала со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ и била вклучена како рецензент за избор или издавачка дејност.
4. Има остварено минимум вкупно 100 поени (НО=40, НИ=45, САОР=15): Во изборниот период д-р Серафимова има остварено за НО=40 поени, НИ=179 поени и САОР=74.5 поени, или вкупно= 293.5 поени.

**Наставно-образовна дејност**

Во периодот 2011-2016 година, кандидатката д-р Серафимова е вработена како доцент по група предмети од Организациски науки и управување (менаџмент) на ФТБЛ при УГД-Штип (Одлука бр. 2602-341/4 на 28.12.2011), а од 2016 година до сега е вонреден професор за наставно-научната област претприемништво и бизнис менаџмент (Одлука бр. 2102-205/3 од 18.05.2016).

Од моментот кога е вработена на УГД-Штип, кандидатката учествувала во наставата на прв, втор и трет циклус студии на ФТБЛ при УГД-Штип. Така, за време на изборниот период д-р Серафимова ги покрива следните предмети на прв циклус студии на студиските програми Бизнис логистика, Бизнис администрација, Туризам и Хотелско-ресторанска насока, во наставните центри во Гевгелија, Штип и Скопје: *Менаџмент на човечки ресурси, Претприемништво, Основи на менаџмент, Стратегиски менаџмент*, *Организациско однесување*. На втор циклус студии ги покрива следните предмети на студиските програми Бизнис логистика: *Планирање на логистички центри, Оперативен менаџмент за конкурентност и Стратегиски менаџмент во бизнис логистиката*. На трет циклус студии на студиската програма Туризам го покрива предметот *Современ менаџмент* и на Машински факултет при УГД предметот *Методологија на научноистражувачка работа*.

Во изборниот период, кандидатката д-р Серафимова за потребите на наставата на ФТБЛ при УГД - Штип има издадено повеќе учебници, скрипти, практикуми и други рецензирани наслови кои се користат како учебни помагала.

Под менторство на д-р Сеарфимова изработени се многу дипломски трудови, ментор е на два магистерски труда, а тековно е ментор на докторанд, со што покажува придонес во оспособувањето на млади истражувачки кадри. Нејзиниот научен интерес е од областа на економските аспекти на развојот на менаџментот, надополнет со промовирање на нови иновативни начини за унапредување на човечките ресурси и претприемништвото.

***Научно-истражувачка дејност***

Во изборниот период, кандидатката д-р Сеарфимова како автор и коавтор има објавено голем број научни трудови објавени во, меѓународни научни списанија, трудови објавени во зборници на трудови на научни собири, учесник е во два научноистражувачки проекти од национален.

Во време на изборниот период, кандидатката д-р Мимоза Серафимова ги има публикувано следните монографии, научни книги, учебници и поглавја од книга во земјата и странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена:

1. **Serafimova, M.** (2021) *Factors of impact on the labor market and business in Macedonia.* Scholars Press, Republic of Moldavia.

Во ракописот се презентирани резултати од научноистражувачки и аналитички пристап на состојбата на пазарот на труд и условите за развој на бизнисите во Македонија и некои земји во регионот. Дадени се предлози за подобрување на некои аспекти на нивен развој преку примена на различни активности и искуства кои произлегуваат од докажани практики на земјите со напредна економија.

2. **Serafimova, M.** (2020) *Започнување бизнис во Република Македонија - предизвици и состојби.* 2-ri Avgust, Shtip.

Ракописот е рецензирана монографија наменета за студентите кои ги изучуваат предметите Основи на менаџмент и Претприемништво на ФТБЛ при УГД – Штип и млади претприемачи. Основна цел е да служи како алатка со збирни показатели при совладување на најважните економски теми при започнување бизнис во Р Македонија. Содржината е разработена во седум глави, кои се логички поврзани и формираат целина.

3. **Serafimova, M**. and Stojceska Gjorgioska, M. (2019) *Влијанието на едукацијата за претприемачи врз бизнисот и претприемништвото во Македонија.* In: 2ri Avgust - Stip. ISBN 978-608-4879-24-

Во оваа монографија се презентирани основните мотиви и потребите кои ги поттикнуваат креаторите на едукација за претприемништво и нејзиното значење како во на бизнисот, така и во целокупното претприемништето како посебен економски потенцијал кој се уште не се гледа како таков во Р Македонија. Понудени се податоци и споредбена анализи со земји од региомнот и пошироко.

4. **Серафимова, М.** (2019) *Основи на менаџмент.* Универзитет „Гоце Делчев", Штип. Р Македонија. ISBN 978-608-244-694-3.

Ракописот е рецензиран е-учебник првенствено наменет за студентите кои го изучуваат предметот Основи на менаџмент на ФТБЛ при УГД - Штип. Се состои од десет глави во кои се разработени прашања од областа на менаџментот и неговите теоретски и практични пистапи.

5. Stojceska Gjorgioska, M. and **Serafimova, M**. and Gjorgioska, E. (2018) *Entrepreneurship as a Business Competence - Strategies and Education.* LAP LAMBERT Academic Publishing, Latvia, European Union. ISBN 978-613-9-90750-2.

Ракописот претставува сублимиран материјал за прашања поврзани со претприемништвото и потребата од бизнис компетенциите и нивната апликативна примена. Целта е да им помогне на идните претприемачи да ја сфатат потребата од перманентна едукација и информираност при започнување и менаџирање на компании.

6. **Serafimova, M**. and Stojceska Gjorgioska, M. (2018) *Business and Entrepreneurship: The Case in Macedonia.* Business and Entrepreneurship: The Case in Macedonia . Lambert Academic Publishing. ISBN 978-613-9-83058-9.

Ракописот е збирен приказ на материјал за поврзаноста на бизнисот и претприемништвото како неразделна целина. Разработува повеќе успешни и неуспешни приказни, притоа анализирајќи ја состојбата во Р Македонија, нудејќи аналитички податоци за состојбата и предлог мерки.

7. Dimitrov, N. and Mitreva, E. and **Serafimova, M**. (2017) *Методологија на научно - истражувачка работа (наука и практика).* Samostojno izdanie, Stip. ISBN 978-608-65616-5-9

Во овој ракопис е разработена теоријата за предметот Методологија на научно истражување, поддржана со примери и објаснувања. Предвиден е да им служи на кандидатите кои го подготвуваат испитот Методологија на научно истражување на втор циклус студии.

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

8. **Serafimova, M**. (2020) *Factors and conditions of the labor market in Macedonia and the region - condition and analyses.* International Journal of Information, Business and Management , Vol.12 (No 4). pp. 88-99. ISSN 2076-9202. (EBSCO)

Во трудот е даден осврт на различни модели и методи за евалуација на пазарот на труд во Македонија и регионот, со посебен осврт на состојбите и нивните анализи.

9. Bardarova, S, and **Serafimova, M**. (2020) *The role of the principle of economics in business operation of the enterprises.* Knowledge International Journal vol.38.1. pp. 245-251. ISSN 1857-923X. (EBSCO)

Трудот го илустрира амбиентот за развој на економските принципи и нивната улога во деловното работење на компаниите во Македонија. Се заклучува дека постојните деловни принципи имаат потенцијали и појдовна основа за современ развој и дека истите треба да бидат дефинирани како стратегиски приоритети во стратегискиот развој на компаниите.

10. **Serafimova, M**. and Bardarova, S. (2019) *Supply of the labor market with labor force - Condition in Macedonia.* International Journal of Business and Management Invention (IJBMI), 7 (8). ISSN 2319-8028/2319-801X (print) (EBSCO)

Во овој труд се истражени факторите кои влијаат врз потенцијалот на пазарот на труд во Македонија. Заклучено е дека басените за квалификувана работна сила се доста сиромашни и наведени се причините за тоа низ податоци и споредбена анализа, нудејќи низа препораки за подобрување.

11. **Serafimova, M**. (2019) *Development of the labor market in the Republic of Macedonia.* International Journal of Information, Business and Management. ISSN 2076-9202. (EBSCO)

Трудот го елаборира прашањето за креирање интензивен развој на пазарот на труд во Македонија, посочувајќи ги многубројните проблеми кои постојат во тој процес. Се заклучува дека особено е важно да се создаде позитивен национален имиџ на компаниите и нивните потреби за надополнување на своите потреби со компетентни вработени како предуслов за успешно функционирање и развој.

12. **Serafimova, M.** (2019) *Entrepreneurship and Entrepreneurial Values Evaluation of Macedonia.* The Romanian Economy. A Century of Transformation (1918-2018), 2. pp. 933-942. ISSN SBN 978-3-631-67332-4

Во овој труд аспектот е на претприемачките вредности и нивната валоризација на национално ниво (Македонија). Заклучено е дека во Македонија нема ставено акцент на вистинската вредност на овие аспекти. Последователно, трудот препорачува креирање специфични претприемачки пристапи и креирање соодветни развојни планови и програми.

13. Bardarova, S. and **Serafimova, M**. and Atanasoski, D. (2019) *The role of measures for support of SMEs on employment in the Republic of Macedonia.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 30 (1). pp. 73-80. ISSN 2545-4439. (EBSCO)

Трудот ги истражува основните мерки за развој на малиот и средниот бизнис од аспект на вработување, промет на вработени и отпуштање вработени. Исто така, трудот го разгледува и влијанието на МСП на процесот на вработување. Трудот обилува со заклучоци и препораки за унапредување на постојниот начин на обезбедување работна сила, но и за подобра валоризација на идентификуваните проблеми.

14. Dimitrov, N. and **Serafimova, M**. and Josheski, D. (2019) *The impact of the border regions and procedures in the business in Macedonia.* Socio Brains, International scientific refereed online journal with impact factor (54). pp. 232-238. ISSN 2367-5721

Како мала отворена економија, Македонија се соочува со многу предизвици поврзани со нејзината конкурентност, посебно откако е позната како земја со поволна бизнис клима и земја која граничи со земји со економии во развој. Трудот го оценува пристапот до процесите за ефикасен увоз и извоз на стоки како една од најголемите причини за иден развој на Македонија.

15. Bardarova, S. and **Serafimova, M**. and Cackov, O. (2018) *The role of active employment policies and the economic effects on the unemployment of young people in Macedonia.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 28 (5). pp. 1467-1476. ISSN 2545-4439. (EBSCO)

Во овој труд предмет на истражување се младите и нивната вработеност, односно невработеност во Македонија. Податоците кои се собрани и презентирани овозможија заклучок дека постојниот пристап и покрај тоа што постои целосна свесност за проблемите

со кои се соочуваме во нашето променливо опкружување, не се преземаат енергични чекори за подобрување на состојбата.

16. **Serafimova, M.** and Petrevska, B. (2018) *Female entrepreneurship in tourism: a strategic management perspective in Macedonia.* Journal of Applied Economics and Business, 6 (1). pp. 21-32. ISSN 1857- 8721

Трудот ја елаборира тековната состојба со женското претприемништво во Македонија. Поаѓајќи од релевантни извори на податоци, нуди стратегии за ефикасно стратегиско управување со идни можности и перспективи за подобрување на овој значаен стопански сегмент на бизнис работење во Македонија.

17. Boskov, T. and Zezova, A. and **Serafimova, M.** (2018) *Career Management and New Organization Perspectives.* Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), 19 (165). pp. 110-113. ISSN 1582-2559, (SCOPUS IF: 0.115).

Во трудот се презентирани резултати од проценка на примена на концептот за кариерен развој кој нуди нови организациски перспективи во развојот на бизнис работењето на компаниите. Констатирано е дека генерално постои поврзаност меѓу професионалното унапредување на работењето на менаџерите, со фокусот на развој на компанијата како целина.

18. Jakovlev, Z. and Dimitrov, N. and Koteski, C. and **Serafimova, M.** (2017) *Sport tourisam as the most important alternative form of tourism - strategies and challenge.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje. ISSN 1857-7741, (EBSCO)

Во трудот е направена проценка на постоечките туристички вредности на спортот, но се идентификуваат потенцијали за негов иден туристички развој. Презентирана е секторска визија за промена, но и нужност од промена во спортот како туристички производ и визија за развој. Генерален заклучок е дека со стратегиски пристап кон овој туристички аспект може да се надминат ограничувачки фактори за негов туристички развој кои постојат во моментот.

19. Petroska Angelovska, N. and Takovska, M. and **Serafimova, M**. (2017) *Possibilities for improvement of profitability of enterprises in tourism industry in the Republic of Macedonia.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, 19 (3/2017). pp. 51-60. ISSN 1857-7741, (EBSCO).

Можностите за подобрување на профитабилноста на претпријатијата во туристичката индустрија во Република Македонија се анализирани од аспект на туристичкиот развој. Посебен акцент е ставен на делот за промени во визијата за нивен понатамошен развој и нужно воведување системски промени за подобрување и подигање на конкурентноста на туристичкиот сектор.

20. Stojceska Gjorgioska, M. and **Serafimova, M.** and Gjorgioska, E. (2017) *Comparative strategies accession for entrepreneurial education in the Republic of Macedonia.* Knowledge – International Journal, 19.1 (1). pp. 43-50. ISSN 2545-4439, (EBSCO)

Во овој труд е анализиран постоечкиот недостаток на развојни едукативни стратегии во Македонија. Со примена на вакви пристапи понуден е сеопфатен пристап кон ефективно претпериемничко образование. Заклучено е дека постојната претприемничка едукација бележи скромни резултати во својата примена поради големиот број детектирани проблеми и предизвици.

21. Petrevska, B. and Cingoski, V. and **Serafimova, M.** (2016) *Sustainable tourism and hotel management in Macedonia through the use of renewable energy sources.* UTMS Journal of Economics, 7 (1). pp. 123-132. ISSN 1857-6974. (EBSCO)

Во трудот е заклучено дека хотелите во Македонија дури од неодамна посветуваат внимание на концептот и политиката за енергетска ефикасност. Како основни причини се наведуваат ниското ниво на свесност на менаџментот и ограниченоста со финансии. Се препорачува да се примени проактивен пристап со цел да се овозможи туристички развој.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавени трудови кои го потврдуваат афинитетот и стручноста за научноистражувачка дејност, д-р Серафимова објавува и трудови во зборници на трудови на научни собири во земјава и во встранство:

22. Bardarova, S. and **Serafimova, M.** (2020) *The impact of price management on business operation of the enterprise: theoretical aspect.* In: Third International Scientific Conference"Challenges of tourism and business logistics in the 21 st century" ISCTBL, 13 Nov 2020, Stip, Republic of North Macedonia.

Трудот дава генерален теоретски приказ на влијанието на начинот на управувањето со цените врз работењето на претпријатието. Истражувањата покажуваат дека компаниите недоволно го познаваат менаџирањето со цените и нуди ефикасни стратегии за нивно менаџирање.

23. Stojceska Gjorgioska, M. and **Serafimova, M.** (2019) *Entrepreneurial education - efficient employment approach - the case in Macedonia.* In: Menadzmentot i sovremenite praktiki, May 2019, BAS Institute of management, Bitola..

Овој труд ги истражува факторите за развој на претприемничкото образование и неговотот влијание во пристапот за вработување талентирани вработени. Преку анализа на современи пристапи и практики, заклучено е дека селак во Македонија недостасуваат предуслови за спроведување претприемнички стратегии за вработување кај компаниите.

24. Stojceska, Gjorjgioska, M. and **Serafimova, M.** and Gjorgjioska, E. (2019) *Entrepreneurial education as strategy for economic development.* In: Fifth international Science conference "Contemporary management challenges and the organizational sciences" subject focus "Innovation and organizational development", 17-18 May 2019, Bitola, Macedonia .

Дадена е квалитативна анализа за да се опише потребата од претприемничко образование како стратегија за економски развој во Македонија. Заклучено е дека постојат сериозни индиции за проширување на постојната едукативна понуда со нови, кај нас сè уште невалоризирани вредности, но евидентна е потребата од преземање низа мерки за надминување на проблемите со кои се среќава стопанството во Македонија.

25. **Serafimova, M.** and Dambov, R. (2019) *Tourism development strategies new aspects tailored upon the Schumann resonance.* In: The Fourth International Scientific Conference: Tourism in function of development of the Republic of Serbia - Tourism as a Generator of Emplovment, 30 May -1 June 2019, Vrnjacka Banja, Republic of Serbia.

Во трудот се презентирани нови аспекти за развој на иновативен туристички производ. Посочен е примерот за постоење на Шуманова резонанца како екстремно ниска природна фреквенција која позитивно може да делува врз здравјето на посетителите. Дадени се низа препораки за користење на оваа фреквенција во туристички цели.

26. **Serafimova, M.** and Bardarova, S. and Atanasoski, D. (2019) *Comparative analysis of employment and self-employment in North Macedonia and the Western Balkans.* In: The 2nd International Scientific Conference-Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, 13 Sept 2019, Stip, Macedonia.

Овој труд нуди компаративна анализа на вработувањето и самовработувањето во Северна Македонија и Западен Балкан, со цел да се идентификуваат заедничките ризици и потенцијали за развој на вработувањето и самовработувањето како аспекти на економско живеење. Дадена е споредбена анализа.

27. **Serafimova, M**. and Bardarova, S. (2018) *Contemporary entrepreneurial approaches for the needs of the labor market - a review of experiential knowledge in Macedonia and several European countries.* ICON BEST 2018 "Global Education,Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs" 15-16 October 2018. ISSN ISBN 978-608-4593-38-6!

Во трудот е направена анализа на современи претприемачки пристапи за потребите на пазарот на трудот - во Македонија и неколку европски земји. Даден е преглед на искуствено знаење и неговото значење во процесот, како и примери какви се практиките во развиените економии во некои европски земји.

28. Bardarova, S. and **Serafimova, M.** (2018) *Labour market and Labour relations ;the case od Macedonia.* ICON BEST 2018 "Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs". ISSN ISBN 978-608-4593-38-6!

Трудот предлага креирање специфични стратегии за унапредување на работењето и работните односи во компаниите во Македонија во контекст на примена и дизајнирање на практики за заштита на правата на вработените и оние кои се вработуваат. Дадени се препораки како да се надмине јазот помеѓу секојдневното работење и развивање свест за користа од примена на подобрена законска легислатива, а со тоа подобрување на менаџирањето со човечките ресурси во компаниите.

29. Dimitrov, N., **Petrevska, B.** & Serafimova, M. (2018). Ecotourism certification programs: Managing finances, Proceedings from the 26th International Conference Ecological Truth & Environmental Research, Bor, Serbia, 12-15 June, 2018, 436-441.

Во трудот е даден осврт на прашањето за финансирање на процесот на сертифицирање екотуристички програми. Поконкретно, дефинирани се генералните и специфичните цели кои се најчесто присутни во програмите за сертифицирање. Се заклучува дека малите еко-туристички деловни субјекти имаат недостаток од финансии, заедно со соодветни информации за финансирање, технички капацитет и способност за аплицирање за финансирање.

30. Dimitrov, N. and **Serafimova, M.** and Josheski, D. (2018) *Women in the workforce – a case study of R. Macedonia.* In: 26th International Conference Ecological Truth and Environmental Research 2018, 12-15 June 2018, Bor, Serbia.

Во трудот е прикажана споредба на реалната состојба на жените како работна сила во Македонија. Согласно со научната класификација на овој проблем со кој се соочуваат женеит во многу земји, дадени се многу препораки за унапредување на нивната положба во компаниите во Македонија.

31. Petrevska, B. and **Serafimova, M.** and Cingoski, V. (2018) *Managing sustainable tourism and hotel industry in Macedonia: energy resources strategic approach.* In: 26th International Conference Ecological Truth & Environmental Research, 12-15 June 2018, Bor, Serbia.

Во трудот е анализиран односот помеѓу одржливиот развој на туризмот и користењето обновливи извори на енергија, преку електронско анкетирање на менаџерите од хотелите во Македонија. Резултатите покажуваат потреба од редефинирање на концептот на работа на хотелите во насока на нивна трансформација во еко-хотели.

32. **Serafimova, M**. and Stojceska Gjorgioska, M. (2017) *Analysis of the regulation of the labor market in the Republic of Macedonia.* In: First international scientific conference "Challenges of tourism and business logistics in th 21st century, ISCTBL, 2017, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Macedonia.

Трудот ги детектира постојните, но и потенцијалните промени на законската регулатива во работењето од постојните басени на пазарот на труд во Македонија, кој се темелат на функционалност која не нуди потполни информации за потребите на компаниите кои вработуваат. Нуди споредбена анализа со повеќе земји од регионот.

33. **Serafimova, M.** (2017) *Impact of the business environment on the conditions for starting business in Republic of Macedonia.* In: First international scientific conference "Challenges of tourism and business logistics in th 21st century, ISCTBL, 2017, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Mecedonia.

Истражени се аспектите на променливото бизнис опкружување во Македонија и неговото влијание врз претприемачите и процесот на започнување бизнис. Дадени се предлози за креирање нов пристап со цел олеснување на условите за започнување нов бизнис во Македонија.

Серафимова во изминатите 5 години има активно учество на стручни собири со реферати (постери/усно) во земјава и во странство:

34. Учество со реферат (усно) на Првата меѓународна научна конференција на Факултетот за туризам и бизнис логистика, 2017, Универзитет „Гоце Делчев", Гевгелија, Р Македонија.
35. Учество со реферат (усно) „Знаењето, капитал на иднината", Institut of knowledge management, 2017, Agia Triada, Greece.
36. Учество со реферат (усно) на Шестата меѓународна научна конференција „Глобално образование, вештини и компетенции", Универзитет за туризам и менаџмент, 2018, Скопје, Р Македонија.

37. Учество со реферат (усно) на Петтата меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“, БАС Институт за менаџмент, 2018, Битола, Р Македонија.
38. Учество со реферат (усно) на 26. Меѓународна конференција, 2018, Бор, Србија.
39. Учество со реферат (усно) на Научната конференција со меѓународно учество „Географија, регионален развој и туризам“, Шумен, Р. Бугарија.
40. Учество со реферат (усно) на Втората меѓународна научна конференција на Факултетот за туризам и бизнис логистика, 2019, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Р Македонија.
41. Учество со реферат (усно) на Шестиот симпозиум „Менаџментот и современите практики“, БАС Институт за менаџмент, 2018, Скопје, Р Македонија.
42. Учество со реферат (усно) на Меѓународната научна конференција, Institut of knowledge management, 2018, Банско, Р Бугарија.
43. Учество со реферат (усно) на Меѓународната научна конференција, Institut of knowledge management, 2019, Врњачка Бања, Србија.

Во својата научноистражувачка активност, д-р Серафимова е учесник во следните научни проекти:

44. Проект „Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија“ проект на ФТБЛ финансиран од ФНИП на УГД, Одлука бр. 0201-165/6 од 29.1.2015 г. (Универзитетски сенат) и Одлука бр. 0801-139/31 од 27.01.2015 (ФНИП) и Одлука бр. 0206-151/43 од 22.2.2017 (ФНИП) (2015-2018).
45. Проект во проектот „Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река“ (проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на УГД, Одлука бр. 0307-98/77 од 1.11.2017 (Универзитетски сенат) и Одлука бр. 2102-675/6 од 1.12.2016 (ФНИП) (2017-2019)).

Во изборниот период, кандидатката д-р Серафимова е член на повеќе факултетски органи и комисии, и тоа:

46. Член на Наставно-научниот совет при ФТБЛ, УГД – Штип;
47. Член на Редакциско тело на годишен зборник на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука бр. 2102-574/11 од 1.12.2016);
48. Член на организациски тим за организирање Научно-стручна конференција на тема „Состојби и предизвици во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија“ (Одлука бр. 2102-59/57 од 3.2.2016);
49. Член на Комисија за оценување на магистерски труд на кандидат Дарко Огненоски (Одлука бр. 2102-293/4 од 15.6.2016);
50. Член на Комисија за проверка на постојните учебници од македонски автори кои се користат на Факултетот за туризам и бизнис логистика во учебна (Одлука бр. 2102-93/8 од 22.2.2016);
51. Член на Редакциско тело на годишен зборник на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука бр 2102-574/11 од 1.12.2016);
52. Член на Комисија за оценување на магистерски труд на кандидат Моника Трпевска (Одлука бр 2102-254/5 од 10.5.2017);
53. Член на Комисија за запишување нови студенти на прва година прв циклус универзитетски студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика во учебна 2018/19 (Одлука бр 2102-246/8 од 30.5.2018);
54. Член на Комисија за спроведување на постапка за избор на декан на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука бр 2102-357/8 од 20.11.2019);
55. Член на Комисија за тајно гласање за замена на член на Универзитетски сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ (Одлука бр 2102-39/6 од 29.1.2020).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Мимоза Серафимова, вонреден професор.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Мимоза Серафимова во целост ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во звање редовен професор. Кандидатката д-р Серафимова има континуирано научно напредување и извонредни научноистражувачки резултати во доменот на економскиот и организацискиот развој на менаџментот и претприемништвото. Таа активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија. Воедно, кандидатката успешно одржува настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на прв, втор и трет циклус студии и е учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Мимоза Серафимова има значителен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, Рецензентската комисијата со особено задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Мимоза Серафимова да ја избере во звањето редовен професор за наставно-научните области управување со човечки ресурси и претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драган Груевски,**
Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола,
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, претседател, с.р.
**Проф. д-р Моника Марковска,**
Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола,
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, член, с.р.
**Проф. д-р Зоран Јаневски,**
Економски институт - Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, член, с.р.

**Табела за вреднување на активностите на д-р Мимоза Серафимова (2016-2021)**

| Р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | Избрана во звање вонреден професор | 40 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **40** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга во странство (реф. 1,5,6) | | | 3 | 15 | 45 |
| **2.** | Монографија или научна книга во земјата (реф. 2,3,7) | 3 | 10 | | | 30 |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ<br>Трет автор (реф.17) | 1x5 | | | | 5 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор (реф.8,10,11,12,16)<br>Втор автор (реф.9,13,14,15,20)<br>Трет автор (реф.17,18,19,21) | 5x9<br>5x6<br>4x3 | | | | 45<br>30<br>12 |
| **10.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **12.** | Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **179** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Книга/учебник (реф. 4) | 1 | 10 | | | 10 |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>во земјата (реф.22,23,24,26,27,28,32,33)<br>во странство (реф.25,29,30,31,) | 8 | 2 | 4 | 3 | 16<br>12 |
| **8.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)<br>во земјата (реф.34,36,37,38,39,40,41,)<br>во странство (реф.35,42,43,) | 7 | 0.5 | 3 | 1 | 6.5 |
| **13.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br>во земјата (реф. 44,45) | 2 | 5 | | | 10 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (реф.46,47, 48,49,50,51,52,53,54,55,) | 10 | 2 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **74.5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **293.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ И МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-83/11 од 25.6.2021 година донесена на 205. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 25.6.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област маркетинг и маркетинг менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и тоа во следниот состав:

– **д-р Тамара Јованов-Апасиева,** вонреден професор во областа маркетинг на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
– **д-р Елена Веселинова,** вонреден професор во областа на менаџмент системи на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
– **д-р Снежана Ристевска-Јовановска,** редовен професор во областа маркетинг на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 15.6.2021 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: м-р Моника Арсова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката м-р Моника Арсова, поднесена во предвидениот рок утврден во Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Моника Арсова доставила комплетна, соодветна и правно важечка документација што е предвидена согласно со објавениот Конкурс, а која вклучува:

– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование од втор циклус на студии – за одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
– диплома за завршен прв циклус на студии (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
– уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии;
– кратка биографија;
– список на објавени научни и стручни трудови;
– по еден примерок од трудовите;
– потврда дека се служи со еден странски јазик;
– препорака од 2 (двајца) професори (редовни професори);
– еден примерок од магистерски труд;
– уверение за државјанство.

Комисијата постапи во детално разгледување на документацијата и го утврди следново:

**Биографски податоци за кандидатката**

Кандидатката м-р Моника Арсова е родена на 20.2.1992 година во Штип.

Во 2014 година дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со просек 8,90 и се здобила со стручно звање: дипломиран економист на насоката Финансиски менаџмент, со 240 ЕКТС кредити. Кандидатката м-р Моника Арсова го продолжила своето образование на втор циклус студии на Економски институт – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. По положување на испитите

од вториот циклус на студии, кандидатката м-р Моника Арсова пријавува тема за одбрана на магистерски труд од областа на маркетингот (и маркетинг менаџментот) со наслов „Стратегиите на промоција и на дистрибуција на прехранбените производи на примерот на претпријатието Брилијант – Штип“. Во 2016 година магистрирала на вториот циклус на студии со просек 9,80 и се стекнала со звање магистер по економски науки на насоката Меѓународна економија, со 60 ЕКТС. Кандидатката м-р Моника Арсова во 2016 година, по завршување на вториот циклус на студии, се запишува на трет циклус студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и по положување на испитите, тековно е во фаза на поднесување на пријава на тема за докторската дисертација од областа маркетинг.

Паралелно со стекнување на своето формално образование, кандидатката го надополнува своето знаење и искуство и со работен ангажман во приватниот сектор. М-р Моника Арсова веќе три години работи како координатор на меѓународен транспорт за Македонија, во компанијата Meyer & Meyer (Мејер и Мејер) во Штип. Покрај ова работно искуство, кандидатката од 2010 до 2013 година била практикант во компанијата Брилијант – Штип.

Во тек на стекнување на формалното образование, м-р Моника Арсова континуирано го надградува своето знаење и преку неформално образование.

Имено, во 2005 година била младински активист на Невладината организација „Синергија“.

Во 2010 година била ангажирана како асистент-координатор на Невладината организација „Вода плус“, каде што се стекнува со искуство во застапување и реализирање на општествени политики, координација на организациски развој итн.

Во 2012 година, за време на студирањето, учествувала на настанот „Претприемачки викенд“, во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Влада на РМ.

Во тек на 2013 година м-р Моника Арсова делувала како потпретседател за маркетинг на организацијата AIESEC – Штип. Во рамки на оваа позиција стекнува дополнително искуство од областа на маркетинг активностите и нивната примена во пракса.

Во 2014 година учествува на Macedonian Youth to Business Forum.

Во тек на 2015 година станува член на Балканска младинска редакција (Balkan Youth Newsroom), а исто така учествувала и на обука „Волонтерство“ на Проектот на USAID за граѓанско општество, како и на летната економска школа Summer School of Economics во Белград.

Во тек на 2017-2018 година, за време на докторските студии, м-р Моника Арсова се вклучува во високообразовна дејност како волонтер со задача да одржува вежби за студентите по предметите Транспорт и логистика и Претприемништво.

Во 2018 година, кандидатката учествува на летна школа EFRI Summer School во Риека, Хрватска, а исто така и на Меѓународна научна конференција организирана од Македонското здружение за маркетинг „МАРКЕТИНГ“ – Скопје.

Наредната година, 2019 г., продолжува со посета и учество на Меѓународната научна конференција организирана од Македонското здружение за маркетинг „МАРКЕТИНГ“ – Скопје. Истата година, учествува и на меѓународна научна конференција во Прага, Чешка.

Во 2020 година продолжува со интересот за научноистражувачка работа преку онлајн учество на Меѓународна научна конференција во Чачак, Србија.

Во тек на 2021 година интересот за наука и дополнителна едукација го покажува преку учество на работилница/курс за претприемништво „Beyond Silicon Valley – Growing Entrepreneurship in a Time of Crisis“, во организација на Економски факултет – Штип при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, ЦЕФЕ Македонија, Американската амбасада во Скопје и Универзитетот Case Western Reserve University (CWRU) од Кливленд, САД.

Од приложеното, евидентно е стекнатото искуство на кандидатката м-р Моника Арсова во ангажман на повеќе научно-образовни и истражувачки активности како учество на натпревари, работилници, обуки итн.

Во однос на пропишаните општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот

за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Комисијата го констатира следново:

**Кандидатката ги исполнува пропишаните услови за избор, што може да се воочи од следново:**

– завршен прв и втор циклус на студии со 300 ЕКТС кредити;
– научен степен - магистер на економски науки од научната област за која се избира одбранет магистерски труд од областа маркетинг (и маркетинг менаџмент) на тема „Стратегиите на промоција и на дистрибуција на прехранбените производи на примерот на претпријатието Брилијант – Штип“;
– просечен успех од 8,90 на прв циклус на студии и 9,80 на втор циклус на студии;
– потврда за познавање на најмалку еден странски (англиски) јазик.

Во поглед на познавањето на странски јазик, како критериум за избор, кандидатката м-р Моника Арсова го познава англискиот јазик, потврдено од страна Институтот за јазици при Филолошки факултет во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

– објавени научни трудови во референтна научна публикација (14 трудови).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката м-р Моника Арсова покажува и способност за изведување на високообразовна дејност. Имено, кандидатката има искуство во одржување на вежби на Економски факултет – Штип, како волонтер, во тек на 2017-2018 година, во рамки на предметите Транспорт и логостика и Претприемништво, каде што се истакна со своите стручни, професионални и академски квалификации.

Во поглед на научноистражувачката дејност, кандидатката м-р Моника Арсова приложи и листа на публикации и достави копии од истите, со што го потврдува и својот потенцијал и амбиција за творечка активност во сферата на економските науки, маркетингот, маркетинг менаџментот и пошироко.

М-р Моника Арсова е автор и учествува во изработка на повеќе (14/ четиринаесет) трудови и тоа:

Во тек на 2020 година, во рамки на меѓународна конференција ATINER (Athens Institute for Education and Research) CONFERENCE во Атина, Грција, објавен е трудот Transport Policy to Create a Western Balkans Market: How to Mirror the EU's Experience. Во рамки на трудот се разработува прашањето на значењето и улогата на транспортот како дел од дистрибутивните канали за развојот на овој регион и потребата од негово интегрирање во националните програми за развој, физичкото планирање на просторот, инвестициските планови, правните регулативи и сл.

Во 2020 година е објавен уште еден труд на кандидатката во рамки на меѓународна публикација од 8. Меѓународна научна конференција Techniques and Informatics in Education во Чачак, Србија, под наслов „Logistics Education in Universities in 21st Century: New Trends and Challenges“. Во рамки на трудот се дискутира за потребата од воведување на логистиката како составен дел од студиските програми на универзитетите, како една од клучните економски активности и основи за развој на општеството. Исто така, се прави преглед на постојните практики во поглед на ова прашање.

Во тек на 2019 година се објавени неколку трудови од кандидатката и тоа:

Globalization and its impact on the logistic systems of companies and new market challenges во Македонско меѓународно списание за маркетинг, индексирано во EBSCO. Во трудот се анализираат глобалните текови и нивното влијание врз логистиката како дел од дистрибутивните канали на компаниите.

Logistics planning strategy in order to sustain the solution of the tourist region, објавен во меѓународна публикација од меѓународна конференција Multidisciplinary Academic Conference во Прага, Чешка.

Bicycle transport: Towards urban mobility or new culture symbol for healthy society, објавен во меѓународното списание Journal of Economics, издадено од Економски факултет – Штип, УГД, индексирано во EBSCO.

Во тек на 2018 година, исто така се издадени неколку трудови на кандидатката м-р Моника Арсова, од кои ги издвојуваме:

- Marketing innovation in distribution channels in Macedonian enterprises, во Македонско меѓународно списание за маркетинг, индексирано во EBSCO. Во трудот се елаборирани иновациите кои се доминантни во развој на ефикасноста и ефективноста на дистрибутивните канали на компаниите и кои ја подобруваат нивната конкурентска предност, со препораки за насоката на развој на македонските компании во оваа област од деловното работење.
- Transport policy crucial factor for European business competitiveness: Effects and consequences, во Македонско меѓународно списание за маркетинг, индексирано во EBSCO.

Други објавени трудови на кандидатката во референтни публикации се:

- Strategy for market segmentation and differentiation: contemporary marketing practice, во меѓународното списание Journal of Economics, издаден од Економски факултет – Штип, УГД, индексирано во EBSCO.
- Во трудот се анализираат современите практики на сегментација и диференцирање на пазарот, со цел за поуспешно служење на целните потрошувачи и зголемување на конкурентската предност на компаниите на пазарот.
- The importance of location in transport – logistics companies, во меѓународното списание Journal of Economics, издадено од Економски факултет – Штип, УГД, индексирано во EBSCO.
- Correlation between the road infrastructure and sustainable rural mobility: EU – Macedonia practices and needs, во меѓународното списание Journal of Economics, издадено од Економски факултет – Штип, УГД, индексирано во EBSCO.
- The roads as civilization symbol or brain drain booster: culture changes in spirit of global challenges, објавен во меѓународното списание Journal of Economics, издадено од Економски факултет – Штип, УГД, индексирано во EBSCO.
- The use of European funds for infrastructural development in the rural development in the Republic of Macedonia, во меѓународното списание Journal of Economics, издадено од Економски факултет – Штип, УГД, индексирано во EBSCO.
- Review of global menace of road traffic accidents with special reference to Macedonia – an economic and health perspective, во меѓународното списание Journal of Economics, издадено од Економски факултет – Штип, УГД, индексирано во EBSCO.
- The influence of promotion on the entrepreneurial success of the company Vitaminka – Prilep, во Годишен зборник на Економски факултет – Штип, УГД.

Во творечкиот опус на кандидатката влегува и магистерскиот труд од областа маркетинг (и маркетинг менаџмент) со наслов „Стратегиите на промоција и на дистрибуција на прехранбените производи на примерот на претпријатието Брилијант – Штип“. Фокусот на магистерскиот труд е одговор на прашањето: колку и на кој начин се применуваат стратегиите на промоција и дистрибуција во рамки на компаниите, со осврт на практичен пример на домашната компанија „Брилијант“ - Штип. Овие стратегии во рамки на магистерскиот труд се разработени детално како планови за идни активности на компанијата, кои треба да придонесат во остварување на поставените краткорочни и долгорочни цели.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена, а која беше предвидена во Конкурсот за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област маркетинг и маркетинг менаџмент, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 15.6.2021 година и констатира дека се пријавила една кандидатка.

Истовремено, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Моника Арсова ги доставила сите потребни документи и дека ги исполнува условите за пријавување на Конкурсот.

Од приложената документација Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Моника Арсова е магистер на економски науки, со одбранет магистерски труд на тема од областа на маркетингот (и маркетинг менаџментот), за која област е распишан и Конкурсот. Кандидатката во документацијата презентира соодветен творечки опус, голем опсег на стекнато работно искуство, ангажман на бројни едукативни активности, учество на повеќе научни и стручни конференции и работилници, што за позицијата асистент во областа на маркетинг и маркетинг менаџмент ја прави соодветна.

Врз основа на претходно образложеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатката м-р Моника Арсова во целост ги задоволува образовните, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со постојните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор на соработник во звање асистент. Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на **Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да ја избере м-р Моника Арсова за соработник во звање асистент за наставно-научната област маркетинг и маркетинг менаџмент.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Тамара Јованов-Апасиева,** вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Елена Веселинова,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Снежана Ристевска-Јовановска,** редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ПАРАМЕТРИТЕ НА РАПАВОСТ ПРИ ОБРАБОТКА СО СТРУЖЕЊЕ НА МЕТАЛИ СО ЗГОЛЕМЕНА ТВРДИНА“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МЕВЛУДИН ШАБАНИ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 0206-414/7 од 17.6.2021 година, донесена на 60. седница, а одржана на 17.06.2021 год. на Наставно - научниот совет на докторски студии на Кампус 2 (биотехнички, техничко-технолошки и природно-математички науки) при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов „ Математичко моделирање на параметрите на рапавост при обработка со стружење на метали со зголемена тврдина”, во состав:

- **д-р Елениор Николов,** редовен професор – претседател,
- **д-р Симеон Симеонов**, редовен професор, член - интерен ментор,
- **д-р Мите Томов**, вонреден професор, член - екстерен ментор,
- **д-р Невен Трајчевски**, вонреден професор, член,
- **д-р Ристо Кукутанов**, член.

По прегледот и анализата на докторската дисертацијата, Комисијата во наведениот состав го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Структура на трудот**

Докторската дисертација е напишана на вкупно 196 страници А4 формат, со вкупно 99 табели и 147 слики. Содржината во трудот опфаќа 9 поглавја, организирани по следниот редослед: Вовед; Преглед на литературата и достигнувањата во областа на истражувањето; Научноистражувачки тези, цели и задачи на истражувањето; Експериментални истражувања (услови и резултати); Математичко моделирање на параметрите на рапавоста; Анализа на резултатите, Заклучок; Литература и Прилог.

Во **првото** поглавје **(Вовед)** се дефинирани основните поими опфатени во истражувањето. Дадени се објаснувања и шематски прикази на поимите поврзани со обработката со стружење на челици со зголемена тврдина, како и дефиниции и графички елаборации на параметрите на рапавост кои се предмет на истражување во дисертацијата. Образложен е мотивот за реализираните истражувања, односно посочено е дека идејата, обработка со брусење да се замени со обработка стружење кога се во прашање материјали со зголемена тврдина е главната моторна сила на истражувањата, додека посебно за издвојување е тоа што во истражувањата истовремено се разгледувани и моделирани вкупно шест параметри на рапавост за еден исти профил на рапавост.

Во **второто** поглавје **(Преглед на литературата и достигнувањата во областа на истражувањето)** е направен краток преглед на релевантните истражувања во предметната област на дисертацијата. Пред се прегледот се темели на научни трудови, но вклучена е и останатата литература (книги, стручни трудови и стандарди). Анализирани се трудови во кои се истражува влијанието на алатите (нивните материјали и геометрии) врз параметри на рапавоста при обработка со стружење на тврди материјали. Коментирани се истражувања во кои се разгледува влијанието на разладното средство, затапувањето (абењето) на резниот алат, температурата во зоната на режење и сл. врз рапавоста на обработената површина, водејќи сметка, односно оптимирајќи ги влезните параметри (брзина на режење, помест, длабочина на режење). На крајот од анализата е заклучено дека кај постоечките истражувања истовремено се разгледуваат само мал број параметри на рапавост, а тоа најчесто се параметрите Ra и Rz (Rt). Нагласено е дека профилот на рапавост не може еднозначно да се дефинира само со параметрите Ra и Rz (Rt), па затоа може да има повеќе облици на површини со профили на рапавост кои во експлоатација различно ќе се однесуваат а да имаат идентични вредности за параметрите Ra **и** Rz (Rt).

Во **третото** поглавје **(Научноистражувачки тези, цели и задачи на истражувањето)** се дадени целите и задачите на истражувањето кои се директно поврзани со научноистражувачките тези:

– Методот Design of experiments (DOE), особено степенестиот облик на функција од прв ред, преку примена на четирифакторен план на експерименти со повторување во средната точка од истражуваниот хиперпростор, може со успех да се користи за математичко моделирање на повеќе параметри на рапавост истовремено.
– Истовременото математичко моделирање на повеќе параметри на рапавост овозможува еднозначно опишување на профилот на рапавост, додека пак вредноста на експонентите во математичките модели надополнето со проверката на адекватноста на експериментално добиените математички модели овозможува да се констатира степенот на стабилност на процесот на обработка со стружење на материјали со зголемена тврдина.

Во **четвртото** поглавје **(Експериментални истражувања (услови и резултати))** опишани се експерименталните истражувања, односно избран е материјал за стружење (челик за подобрување C 55 (DIN) со тврдост 52 ± 2 HRC), од кој се изработени специјални прстени. Направен е избор на држачи на алат, резачки плочки и дополнителна потребна опрема. Обработката со стружење како и мерењата на профилите на рапавост се реализирани на Машинскиот факултет во Скопје.

Во **петтото** поглавје **(Математичко моделирање на параметрите на рапавоста)** изворно е прикажано математичко моделирање на сите шест параметри на рапавост во функција од независните влезни параметри брзина на режење, поместот, длабочината на режење и радиусот на врвот на резната плочка. Дадени се добиените математички модели за разгледуваните параметри на рапавост во облик на скалеста функција од прв ред, без меѓусебно дејство и без оцена на значајноста на факторите, без меѓусебно дејство и со оцена на значајноста на факторите, со меѓусебно дејство и без оцена на значајноста на факторите и со меѓусебно дејство и со оцена на значајноста на факторите. Табеларно е дадена дисперзионата анализа за добиените модели како и разликите помеѓу теоретски пресметаните вредности и експериментално добиените вредности. Во ова поглавје исто така се прикажани дијаграми во облик на 3-Д површини со цел графичка интерпретација на добиените математички модели.

**Шестото** поглавје **(Анализа на резултатите)** ја дава спроведената анализа на добиените резултати од претходната точка. Дадени се конечните изрази од математичкото моделирње со кој може да се пресметуваат (предвидат) параметрите на рапавоста (Ra, Rp, Rv, Rz, RSm и Rmr) во зависност од технолошките параметри (брзина, помест, длабочина на режење и радиус на врвот на резната плочка). Дискутирани се добиените математички модели и образложена е врската (зависностите) помеѓу параметрите на рапавост поединечно и влезните независни променливи (технолошките параметри). За издвојување е тоа што сите добиени матаематички модели се проверени на тест за адекватност со користење на Фишеров тест со 95% интервал на доверба (α=0,05), и сите се адекватни.

Во делот **Заклучоци** изведени се концизни и јасни заклучоци, како и препораки за понатамошни истражвања.

Во **Прилог** се дадени изворно измерените профили на рапавост и целосната графичка интерпретација (во облик на 3-Д површини) на математичките модели.

**Предмет на истражување и краток опис на применетите методи**

Обработката со стружење е изведена на прстени, специјално дизајнирани и изработени за оваа намена, од материјал челик за подобрување со ознака C 55 (DIN). Прстените дополнително се термички обработени за да се добие тврдина 52 ± 2 HRC, што влегува во групата на челици со зголемена тврдина. Димензиите на прстените се Ф 102 x Ф 82 x 20 mm. При обработката со стружење прстените се поставуваат на специјално помагало, што овозможува лесна нивна заменливост, а со тоа и полесно мерење на рапавоста на површинскиот слој. Обработката со стружење се изведува со примена на резачки плочки SNGN 120708-120712-120716 од мешана керамика MC 2 ($Al_2O_3$ + TiC), на конвенционален

струг модел TVP 250 од фирмата „Првомајска“ со силина од $P = 11{,}2(kW)$.

Мерењето на параметрите на рапавоста на обработената површина добиена при обработка со стружење се изведува со примена на компјутеризиран мерен уред, модел Surtronic 3+, од фирмата Taylor Hobson-UK. Пресметката на параметрите на рапавост на измерените профили се врши со помош на софтверот TalyProfile. Обработката на резултатите од изведените експериментални истражувања е реализирана со примена на компјутерскиот софтвер CADEX (Computer Aided Design and analysis of Experiments), користејќи скалест облик на функцијата и четирифакторен потполн план на експерименти од прв ред ($2^4 + 4$).

Горенаведенотопосочувадекавоистражувањатаглавноекористенекспериментални от метод, додека во анализата на литературата и добиените експериментални резултати и донесувањето на заклучоците е користен индуктивно-дедуктивниот метод.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Од извршените експериментални истражувања успешно се добиени адекватни математички модели за параметрите на рапавост Ra, Rp, Rv, Rz, RSm и Rmr со примена на методот на Design of experiments (DOE) што е директно потврдување на првата научна теза.

За математичките модели за параметрите Ra, Rp, Rv и Rz заедничко е тоа што поместот и радиусот на врвот на резната плочка се доминантни (значајни) фактори, додека пак резната брзина и длабочината на режење се незначителни фактори. Зголемувањето на поместот директно влијае на зголемување на вредностите на параметрите на рапавост, а додека зголемувањето на радиусот на врвот на резната плочка значи намалување на вредностите на параметрите. Токму и физиката на стабилен теоретски процес на стружење тоа да го потврдува. Генерално експонентот на резната брзина е со негативен предзнак што значи дека со зголемување на резната брзина вредностите на параметрите на профилот на рапавост незначително опаѓаат, како резултат на течното (полесното) одделување на струшката од основниот материјал. Малата вредност на експонентот на длабочината на режење сам по себе покажува дека експериментите се реализирани во стабилен процес на режење, каде што отпорите на режење не влијаат (или влијаат многу малку) на процесот на формирање на профилот на рапавост. Токму оваа констатација е потврдување на втората теза во докторската дисертација.

Од друга страна, математичкиот модел за параметарот RSm покажува дека доминантно влијание во хоризонталните карактеристики на профилот на рапавост има поместот. Малите вредности на експонентите на другите променливи (брзина, длабочина и радиус) повторно укажуваат на стабилен процес на обработка.

Интересно за коментар е тоа што сите експоненти на влезно променливите во математичкиот модел за параметарот Rmr имаат мали (незначајни) вредности. Тоа е така затоа што кандидатот усвоил вредноста на параметарот Rmr да ја пресметува на функционална височина во вредност од 50% од Rz. Со ова уште еднаш се дава потврда на втората научна теза во докторската дисертација.

**Конечна оценка на докторската дисертација**

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација може да се заклучи дека трудот е успешно завршен, а проблематиката од теориски аспект систематично е разработена. Добиените резултати од направените истражувања во докторската дисертација се јасно презентирани, систематизирани и анализирани, а целите на истражувањето се успешно реализирани.

Преку теоретски, истражувачки и научен пристап, направено е поврзување на истражувањето во еден целосен труд. Трудот е јасно напишан на научно и стручно ниво, со јасни анализи и дискусии на резултатите, како и нивно јасно презентирање во форма на табеларни податоци, графички прикази и сликовито.

Добиените резултати од истражувањата се објавени во меѓународни списанија.

Оваа докторска дисертација обработува актуелна тема и содржи податоци од истражувања и литература што се карактеризираат со висок степен на научна и апликативна вредност.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот м-р Мевлудин Шабани ги има објавено следниве научно истражувачки трудови**:**

- **Shabani Mevludin,** Simeonov Simeon, Pira Bujar and Osterglavva, Naim (2021) *Mathematical Modeling of the Surface Roughness Parameters Rp and Rv in Hard Turning of Steel C55(DIN) Using Mixed Ceramics MC 2 (AI2O3+TiC).* International Journal of Scientific & Engineering Research, 12 (3). pp. 502-509. ISSN 2229-5518
- **Shabani Mevludin**, Simeonov Simeon, Pira Bujar and Ostergllava Naim (2020) *Statistical Analysis of the effect of cutting parameters on the surface roughness profile height parameter Ra in hard turning of steel C(55) DIN.* International Journal of Scientific & Engineering Research, 11 (5). pp. 165-173. ISSN 2229-5518
- Ostergllava Naim, Simeonov Simeon, **Shabani Mevludin**, Pira Bujar and Loku Afrim (2020) *Statistical analysis of the effect of cutting parameters on the Average temperature in hard turning of steel C 55 (DIN).* International Journal of Scientific & Engineering Research, 11 (6). pp. 90-99. ISSN 2229-5518
- Ostergllava Naim, **Shabani Mevludin**, Simeonov Simeon, Loku Afrim and Pijar, Bura (2021) *Prediction of Surface Roughness Through Roughness Parameter Rz, During Hard Turning of Steel C55(DIN) Using Mixed Ceramics MC2 (Al2O3+TiC).* International Journal of Scientific & Engineering Research, 12 (4). pp. 615-621. ISSN 2229-5518.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Математичко моделирање на параметрите на рапавост при обработка со стружење на метали со зголемена тврдина", изработена од кандидатот м-р Мевлудин Шабани, донесе заклучок дека истата претставува **оригинално научно истражување, со значајни резултати и препораки**. Презентираниот материјал во докторската дисертација и спроведените експериментални истражувања, реализирани со врвна опрема и според најсовремените модели на планирање на експериментите и обработка на податоците, врз кои се темелат заклучните согледувања и препораки од кандидатот, претставуваат значаен придонес во научната литература кој ја третира истражуваната проблематика.

Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Математичко моделирање на параметрите на рапавост при обработка со стружење на метали со зголемена тврдина" изработена од м-р Мевлудин Шабани и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Елениор Николов** – претседател,
редовен професор на Воена академија при УГД – Штип, с.р.
**Д-р Симеон Симеонов**, член, интерен ментор,
редовен професор на Машински факултет при УГД – Штип, с.р.
**Д-р Мите Томов**, **член,** екстерен ментор,
вонреден професор на Машински факулетет при УКИМ - Скопје, с.р.
**Д-р Невен Трјчевски**, **член**,
вонреден професор на Воена академија при УГД - Штип, с.р.
**Д-р Ристо Кукутанов**, член,
редовен професор на Машиски факулте при УГД - Штип, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научните совети на докторски студии на кампуси**

| | Наслов на темата | Арх.бр. | Интерен и екстерен ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **Кампус 4** | | | | |
| **ФТБЛ** | „Спортско-рекреативни активности и манифестации во контекст на креирање на сатисфакција на туристите и избор на туристичка дестинација на примерот на Попова Шапка“ / „Sports-recreational activities and manifestations in the context of creating the satisfaction of tourists and choice of tourists | 0206-310/2 од 12.5.2021 г. | проф. д-р Дејан Методијески<br><br>проф. д-р Милена Талеска | Илија Закоски |
| **ФТБЛ** | „Унапредување на деловните процеси во хотелиерството во Република Северна Македонија“ / „Improving the business processes in the hotel industry in the Republic of Northern Macedonia“ | 0206-417/3 од 15.6.2021 г. | проф. д-р Елизабета Митрева<br><br>проф. д-р Марија Таковска | Џевад Кицара |
| **ФТБЛ** | „Евалуација на ефектите од човечкиот капитал врз економскиот раст со фокус на транзициска економија“/ „Evaluation of human capital effects on economic growth with a focus on transition economy“ | 0206-310/3 од 12.5.2021 г. | проф. д-р Еленица Софијанова<br><br>проф. д-р Јулијана Ангелковска | Гордана Серафимовиќ |
| **ФТБЛ** | „Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“ / „Analysis of the quality of the restaurant offer on function of the development of tourism and catering“ | 0206-417/4<br><br>Од 15.6.2021 г. | проф. д-р Дејан Методијески<br><br>проф. д-р Васко Цуцулески | Јулијана Саздова |

| Кампус 2 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ФИ** | „Подобрување на безбедноста на ioT комуникацијата со анализа на мрежни скриени канали“ / „Security improvement of the communication by analysis of network covert channels“ | 0206-414/6 od 17.6.2021 г. | проф. д-р Александра Милева<br><br>проф. д-р Весна Димитрова | Александар Велинов |
| **ФИ** | „Примена на комбиниран метод од техники за математичка оптимизација во процесот на евалуација на студиски програми во високото образование“ /„Implementation of combined set of mathematical optimization techniques for evaluation of stady programs in higher education“ | 0206-414/5 od 17.6.2021 г. | проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска<br><br>проф. д-р Бети Андоновиќ | Ристе Тимоски |

**Исправка на техничка грешка**

Во Универзитетскиот билтен бр. 277 од 1.6.2021 г. на страница 80 во насловот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област наместо „информатика" и „информациони системи" треба да стои „информатика" и „програмски јазици и технологии".

Декан на Факултет за информатика,
**проф. д-р Цвета Мартиновска-Банде,** с.р.